СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осумдесет и деветата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 април

Скопје, април 1998 година

**ОСУМДЕСЕТ И ДЕВЕТТА (89) ОДРЖАНА НА 28. IV. 1998 Г.**

1. АРСОВСКИ БРАНКО 23,76,78,79,126
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 19
3. АБДИ ФАИК 20,21,83,156
4. АТАНАСОВ ЃОРЃИ 42,44,45
5. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР (ПРЕТСТ. НА Влада) 12,14,16,19,20,22,26,27
6. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 72,73
7. БЕЏЕТИ АБДУЛМЕНАФ (мин.за сообр.) 131
8. ДОКУЗОВСКИ КИРО (мин.за земј:,шум.и водост.) 8,18
9. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 17
10. ЗИБЕРИ НАСЕР (мин.за труд и соц.пол.) 23,24
11. ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР 103,104
12. КАРОВ ИЛИЈА 6,10
13 КОЦЕВСКИ АЦЕ 12,14,74
14. КАРОЦ ЗВОНКО 39,44,46,130
15. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 11
16. МИТРЕВА ИЛИНКА 158
17. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 24
18. НИКОЛОВ ДУШАН 107
19. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седн.) 1
20. ПОПОВСКИ НИКОЛА 142,144
21. РУЖИН НАНО 153,155
22. РАМАДАНИ ХИСЕН 27
23. РАМАДАНИ САЛИ 85,86,89,90,93,100,103,104
24. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 21,22
25. СТОЈАНИОВСКИ ТОМИСЛАВ 24
26. СТОЈАНОВСКА СЛАВЈАНКА (зам.мин:за финан.) 57,58
27. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 133,135,157
28. ТАНТАРОВ ВЕЉО 26
29. ТРОМБЕВ ТОМЕ (од мин.за финан.) 57,58
30. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА 138, 159
31. ТРАЈКОВ МИЛЧО 148
32. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 150
33. ШАПУРИЌ ЗОРАН 15,17,52,53,67,71

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР.3,
а истиот се наоѓа и на стр.30

Т.1(верификац.на мандат)-стр.34
Т.2(предлог закон за лекови)-стр. 35
Т.3(пр.з. за изм. И доп.на З.за раб.одн)-стр.36
Т.4(пр.з.за изм.и доп.на З.за трансф. На прет.со
општ. Капитал)-стр. 38
Т.5(пр.з.за изм.и доп.на З.за трг.друштва)-стр.47
Т.6(пр.з.за залог на подвижни предмети и права)-стр.49
поради неприсуст. На претст.од Владата,точката се прек.
Т.7(пр.з./за дон.на З.за вод.на регистри)-стр. 49
Т.8(ПРЕДЛОГ НА ЦАРИНСКИ ЗАКОН)-стр. 52
Т.9(пр.на з.за домување)-стр. 63
Т.10(пр.на з.за празници)-стр. 83
Т.11(пр.на з.за изм.на ЦРВЕН КРСТ)- стр.107
Т.12(ратиф.)стр.108; Т.13(ратиф.)стр.109
Т.14(ратиф.)-стр.111; Т.15(ратиф.)-стр.113
Т.15(рат.)-стр.113, Т.16(рат.)-стр. 114
Т.17(рат.)-стр.116;Т.18(рат.)-стр.117;Т(рат.)-стр.119:
Т.20(рат.)-стр.120;Т.21(рат.)стр.122; Т.22(рат.)-стр.124
Т.23(депон.девиз.влог)-стр.126; Т.24(пр.за дон.з.
за ѓичари и ски лифтови)-стр.130; Т.25(пр.на декл.

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
од Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 28 април 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,20 часот.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 89-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јован Србиновски, Здравко Стојковски, Благоја Стефановски и Јане Ангеловски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичката, Државната Изборна комисија.

Записниците од 82-та и 87-та седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (никој)

Констатирам дека записниците од 82-та и 87-та седница се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал со Предлог на закон наместо на 90-тата седница на Собранието, да се разгледа на оваа седница.

I/2 пј/вц

Кој е за предлогот на Владата, молам, да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

2 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Здравко Стојковски во име на предлагачите го повлече предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Предлагачите Димитрија Вревезовски и Благоја Силјановски на седницата на Комисијата за политички систем го повлекоа предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата достави предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија. Предлози на одлуки за избор на членови на управните одбори на јавни здравствени организации, Завод за здравствена заштита - Битола, Медицински центар Кочани, Завод за здравствена заштита -Велес, Здравствен дом - Неготино, Психијатриска болница "Скопје" - Скопје Стоматолошки клинички центар - Скопје и предлози на одлуки за именување на претставници на Републиката во Советот на фестивалот Охридско Лето, за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски" и за именување на членови на Посебната комисија за изготвување на предлог за именување декан на Стоматолошки факултет - Скопје и предлага тие да бидат разгледани на оваа седница.

I/3.-

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (никој)

Дали има некој воздржан? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија,

2. Предлог на закон за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала,

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи,-со Предлог на закон,

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со оптштествен капитал со предлог на закон,

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва со Предлог на закон,

6. Предлог на закон за залог на подвижни предмети и

права,

7. Предлог за донесување на закон за водење на регистри во Република Македонија,

8. Предлог на царински закон,

9. Предлог на закон за домување,

10. Предлог на закон за празниците на Република Македонија

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на РМ,

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу РМ и Кралството Шведска за одбегнуваше на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Кралството Данска за взаемна соработка во царинските работи со Предлог на закон,

14, Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Украина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход и на капитал, со Предлог на закон,

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Украина за поттикнување и заемна заштита на инвестиции, со Предлог на закон.

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за соработка и взаемна помош во царинските работи со предлог на закон,

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Францускатa Влада во врска со меѓународниот патен превоз на стоки,со Предлог на закон,

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна, образовна, научна и техничка соработка меѓу Македонската Влада и Француската Влада со Предлог на закон.

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу Владата на РМ и Владата на Словенија за враќање на лица чие влегување или престој е во спротивност со важечките прописи, со Предлог на закон,

20. Предлог за донесување закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, образованието и науката помеѓу Македонската Влада и Владата на Италијанската Република со Предлог на закон,

21. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за соработка во областа на културата и образованието, со Предлог на закон,

22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за обележување на пластични експлозиви со цел за нивно откривање, со Предлог на закон,

23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин на исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните со Предлог на закон,

24. Предлог за донесување на закон за жичари и ски-лифтови,

25. Предлог на декларација за еднаквост меѓу половите,

26. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на РМ,

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита-Битола,

28. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кочани,

29. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација, Завод за здравствена заштита-Велес,

I/6.-

30. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Неготино,

31. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Психијатриска болница - Скопје

32.Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Стоматолошки клинички центар - Скопје,

33. Предлог на одлука за именување на претставници на Републиката во Советот на Фестивалот Охридско Лето - Охрид,

34. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски",

35. Предлог на одлука за именување на членови на посебната Комисија за изготвување на Предлог за именување декан на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Дали некој од пратениците има предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Има збор г-дин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата.

Предлагам дневниот ред да се дополни со Информација за пролетната сеидба со посебен осврт за сеидбата на оризот. Бидејќи претставникот односно министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е присутен на оваа седница и ако евентуално не е во можност да ги прибере потребните податоци за оваа информација, во тој случај би можела оваа информација да се помести за дневниот ред на наредната седница, но би сакал да го чујам и мислењето на министерот.

I/7.-

Овој предлог го предлагам од следните причини:

Пролетната сеидба, поконкретно сеидбата на оризот е почната на 8 април 1998 година. Што значи дека сеидбениот рок на сеидбата на оризот е при крај, а јас би сакал да го информирам овој Парламент, она што е изворно, досега површините на ориз се насеани отприлика околу 5% што значи имаме посеано за овој месец април некаде околу 80 до 100 ха. Овој неред и овие проблеми што сега ги имаат оризопроизводитлите навистина, и со право би можел да кажам дека ги немало и не биле присутни последните 8 до 10 години.

Од сериозноста на овој проблем и од она што навистина се чувствува како проблем во подрачјето на општината Виница, Кочиш, Облешево, Зрновци, и Чичиново, укажувам дека би требало овие проблеми да се изнесат и да се најдат соодветни решенија. Ова се јави како проблем и од причини што го донесовме законот за води и се јави еден правен вакум околу управувањето и стопанисувањето со водите, поконкретно за наводнување на оризот, па така јавното водостопанско претпријатие во Кочани не е во можност да стави ред и контрола во наводнувањето на оризот за несметана сеидба на оризот. Често пати се најавуваат делегации и имаат потреба од консултации директно со министерот, тоа не е можно бидејќи навистина земјоделските производители не се во можност да организираат такви средби со министерот да ги надминат настанатите проблеми околу сеидбата на оризот, а навистина и минатата година имавме едно пролонгирање на рокот, како последица на климатските услови овој пат вода во акумулацијата имаше доволно. Значи, ходромелиоративниот систем е полн со вода, браната е полна со вода, остануваат техничките проблеми, нерешени и нерасчистени проблеми во стопанисувањето и управувањето со хидромелиоративниот систем во Кочани.

Од тие причини укажувам дека проблемот е сериозен, последиците и до сега се големи и се надевам дека министерот заедно со вас почиту-

вани пратеници, ќе најдете сили или решение да се расправа и да се најдат решенија за ова, навистина катастрофална лоша состојба околу текот и сеидбата на оризот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, во името на Владата дали ќе се јави некој за збор.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-динот Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Сосема кратко, прифаќам дека ќе направиме информација за наредната седница поширока, но го информирам Собранието овде дека сеидбата во Македонија се остварува доста успешно како никогаш досега. Ова не е фалба, туку тоа го овозможија економските и природните услови Во Кочани постои проблем кој што не е така како што е кажан со обезбедувањето на вода не, туку со неплаќањето на водата, бидејќи во некои села таа се плаќа и услугата ќе биде извршена од тие причини и утре е закажан состанок во регионот на Кочани со сите корисници на вода, вклучува^и ги и претпријатијата па ќе се преземат оперативни мерки проблемот да се реши. Со еден збор кажано проблемите не се од таква природа да треба и Парламентот да расправа, меѓутоа, јас прифатив, ќе доставиме и информација, а утре ќе видам кои се проблемите на лице место, за да ги решаваме.

Сакам да укажам дека многу рано почнавме да правиме пропага-нда предизборна и тоа во лош правец. Овој парламент доста расправа-ше, 42 амандмани имаше за Законот за водите, ги донесовме и јавно кажавме дека после носење на Законот нема на терен дискусии водата не се плаќа, водата ќе се плаќа и таму каде што ќе се плаќа водата вода има. Да не говорам каде Струмица и цела Македонија. Во кочанскиот

дел, во селата каде што некој сака да објасни дека вода не се плаќа, можеби таму и ќе нема, но утре директно ќе разговараме со тие таму што се на лице место. Со еден збор, проблемите се присутни како што и секогаш постоеле и не се нерешливи, ќе бидат решени.

II/1 ДВ/НД

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван министер, навистина вашите тези се секогаш чисти, на секое пратеничко прашање и на секој проблем што ќе ви биде укажан за состојбата во аграрот, вие ќе се јавите на говорница и ќе кажете дека состојбите не се така лоши, дека работите се одвиваат нормално и дека нема никакви проблеми.

Јас би сакал најискрено да го информирам Парламентот односно пратениците и претставниците на Владата дека во оризопроизводниот регион каде што сега се одвива сеидбата на оризот навистина имаме сериозни проблеми. Сеидбата на оризот не се одвива како што рековте, нормално. Таа се на се е извршена околу 5%, што значи проблеми има, а дали некој не плаќа или плаќа вода и дали треба да плаќа, се разбира закони има, ако се правна држава,"ако судската власт функционира во државата, вие не треба да се грижите дали некој ја плаќа или не ја плаќа водата. Ваше е да обезбедите несметана сеидба на оризот, а судските органи се тие кои што ќе си ја извршат својата работа спрема оние кои користат вода а не сакат да плаќаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Каров, се извинувам што ве прекинувам кажете дали се согласувате со одговорот.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Господине министре ова не е предизборен маркетинг изборниот маркетинг го правите вие со вашите состаноци по мотелите и по кафаните низ Македонија, а добро би било да ги организирате средбите со оризопроизводителите и да укажете на проблемите и да ги слушнете од прва рака. Тогаш ќе се согласам со Вашето убедување дека не правите предизборен маркетинг во Република Македонија. Вашата активност се следи каде ги организирате состаноците.

II/2.-

Бидејќи беше спомнато дека ќе се изготви информација, министерот ќе биде на терен од утре, прифаќам за наредната седница да ја разгледаме информацијата и веројатно министерот од прва рака ќе ги добие потребните информации за проблемите околу сеидбата на оризот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, барам за оваа седница Владата да изготви информација за поведените стечајни постапки во претпријатијата во РМ и истата да се вклучи по можност, на денешната седница. Јас за тоа ќе дадам кратко образложение.

Во последно време се поголем е бројот на претпријатијава во кои се поведуваат стечајни постапки и тоа главно поради обврски во државата односно фондовите за пензиско и здравствено осигурување. Информацијата треба да се однесува само за поголемите претпријатија односно за поранешните општествени претпријатија кои сега се приватизираат или се во фаза на приватизација.

Ова го барам од причина што најголем број на стечајни постапки завршуваат со отпуштање на работници и распродажба на имотот на претпријатијата. Ќе наведам пример за тоа. Еве на пример се стопира еден таков стечај во "Лозар" во "Нова Трговија" во Кочани тече, а со оглед на тоа што седницата, претпоставувам ќе трае повеќе денови Владата има време да ја подготви таа информација и да ја достави до Собранието за овој најгорлив проблем во Републиката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

II/3.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Прифаќам изработка на информација за стечајните постапки, меѓутоа, би замолил не за оваа седница, за наредната седница која што ќе биде скоро.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се согласува и господинот Лазаров.

Има збор господинот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, во име на Пратеничката група на ЛДП барам од дневниот ред на денешната седница да се изземат двата закони што Владата го предлага да одат по скратена постапка. Тоа е предлогот на закон за лекови, помошните лековите средства и медицински помагала и Предлогот за донесување на законот за изменување и донесување на Законот за работни односи, со Предлог на закон, од следните причини:

Прво, Владата во својот допис воопшто не наведува кои се причините поради кои бара овие закони да се гледаат по скратени рокови. Мислам дека овој Парламент заслужува да добие аргументи кои се причините поради кои Владата предлага законите да се гледаат по скратена постапка, посебно ако се има предвид фактот што некои од законите ги добивме во текот на вчерашниот ден, а посебно се работи за Законот за лекови и помошни лековите средства и медицински помагала, кој малтане е учебник, има околу 150 членови, што значи дека Собранието на РМ немаше можност во текот на изминатите неколку денови откако е влезен во собраниска процедура овој закон, да спроведе и да организира квалитетна расправа во собраниските работни тела, со цел да придонесе овој закон да биде што поквалитетен. Како аргумент на тоа го додавам и фактот што Комисијата за труд и социјална политика сеуште нема одржано седница, а законот веќе се става на дневен ред.

II/4.-

Ако не се прифати овој предлог тоа ќе значи дека Собранието на РМ и понатаму ја продолжува праксата да биде одреден орган на Владата на РМ.

Второ, барам од причини што Владата од предминатата седница кога го достави барањето, до денешен ден не достави Информација, а состојбата во Косово и натаму ескалира драматично. Владата на РМ да поднесе информација за текот и резултатите од активностите за конституирање и изградување на одбранбената политика стратегија и доктрина на РМ од следните причини:

Прво заради влошената безбедносна состојба на Балканот, посебно во Косово, чие ескалирање може да предизвика сериозно влошување на безбедноста во РМ, со опасни и катастрофални последици.

Второ, заради нужноста и неопходноста од изградба на соодветна одбранбена политика, стратегија и доктрина, приспособени на специфичните географски, геополитички и геостратешки економски и други услови за успешна заштита и одбрана на стратегиските државни и национални интереси, како што се слободата, независноста и суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ.

Трето, затоа што изработката на документите кои треба да ја дефинираат одбранбената политика, стратегија и доктрина е сложена и одговорна работа на надлежните државни органи и институции, по претходна анализа и оценка на меѓународното опкружување и нивната рефлексија врз безбедноста на земјата, реалното проценување и вреднување на меѓународна та воено-политичка позиција и реално проценување и вреднување на внатрешната стабилност, степенот на организираност и подготвеност на одбранбено безбедносниот систем и силите за одбрана и заштита на виталните државни и национални интереси.

Четврто, заради потребата Собранието на РМ како претставнички орган на граѓаните со точно дефинирани надлежности од обласа на безбедноста и одбраната, според Уставот и Законот за одбрана, да биде информирана за текот на активностите за изготвување на одбранбената политика стратегија и доктрина на земјата.

Ова е посебно важно заради конкретната обврска од горенаведените акти Собранието да врши политички надзор врз остварувањето на надлежностите на Владата во одбраната и за следење на подготвеноста за одбрана на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата по однос на овие три предлози на господинот Коцевски, по однос на симнување од дневен ред на Законот за лекови, и Законот за работните односи.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ние предложивме и останувaме на предлогот на денешната седница да се расправа по двата закони и очекуваме дека тоа ќе биде прашање за кое вие ќе се изјасните.

Околу третото барање кое што беше покренато, јас и минатата седница кажав, со оглед ....

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Зошто не се наведени причините.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ова е скратена постапка, не е за итност. Се работи за скратена постапка.

Околу барањето што го постави господинот Аце Коцевски за изработка на една таква информација, јас и минатиот пат кажав, со оглед на сериозноста на темата, потребно е во процедурата за изјаснување да се вклучат и други органи кои се задолжени за таа проблематика

II/6.-

Јас и тогаш замолив и сега замолувам, бидејќи таа процедура сеуште тече, тоа да го разгледуваме на една од наредните седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господинот Коцевски да се симнат овие две точки од дневен ред? (14)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Предлогот да се изготви информација за оваа седница за одбранбената политика и стратегија на РМ, на господинот Коцевски, го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

15 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници и повереници на Владата.

На минатата седница побарав од Владата да изготви Информација за трансформација односно приватизација на "Стако-Кристал" и ми беше дадено ветување дека на оваа седница ќе биде ставено на дневен ред.

Со оглед на тоа што тоа на оваа седница не е сторено, а со оглед и на тоа што седницата ќе трае повеќе нема денес да заврши, јас предлагам на оваа седница да се гледа оваа Информација за приватизација на "Стакло-Кристал" особено од оваа причина што дополнително доби изјава која што е заведена минатата година во месец јули во Министерството за правда, каде што новите сопственици изјавуваат дека на стечајните работници, доверители (цитирам од изјавата), како што е наведено во решението во рок од 5 дена од правосилноста на решението за присилно порамнување ќе им се исплатат утврдените износи по решението. Се работи за бенифициран стаж и за останати износи на личен доход.

Новите сопственици таа изјава ја дадоа минатата година, врз база на таа изјава е извршено присилно порамнување, станаа сопственици на "Стакло-Кристал", а на овие работници кои се доверители во стечајот не им е исплатен ниту бенифицираниот стаж, имајќи ги предвид работните задачи кои ги извршуваат во Стаклара, ниту пак заостанат личен доход. Оттаму предлагам Владата за оваа седница да ја даде таа информација.

Исто така предлагам Министерството за правда, имајќи предвид дека седницата нема да заврши денес, да достави информација во врска со штрајкот со глад кој трае пет дена, на техничките секретари вработени во поранешното Собрание на општина Кисела Вода со оглед на тоа што тие извршуваат работи и задачи и за потреби на општината, меѓутоа и за потреби на државата односно за Министерството за правда при спроведување на избори на референдум и тн. Тие немаат сеуште никаков одговор по нивниот петодневен штрајк со глад бидејќи не примиле веќе осум месеци личен доход односно не се наоѓаат никаде. Затоа сметам дека до крајот ан седницата Министерството за правда може да изготви Информација во врска со ова случување на техничките секретари во општина Кисела Вода.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставник на Владата да се изјасни по овие предлози на господинот Шапуриќ.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ако Владата земала да изработи Информација за состојбите во претпријатиeто "Стакло-Кристал" тоа значи дека таа информација се работи, не е доизработена и за тоа не е предложена за оваа седница и тешко да успееме да ја реализираме таа работа за оваа седница.

Околу покренатото второ прашање за изработка на Информација за штрајкот со глад во општина Кисела Вода мислам дека оваа информација можеме да ја изработиме и да ја дадеме за информираше на пратеникот, за причините поради кои дошло до тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали господинот Шапуриќ се согласува со одговорот на претставникот на Владата.

**ЗОРАН ШАУРИЌ:**

Доколку Владата прифати на наредната седница да ја достави Информацијата, тогаш јас би се согласил со ова укажување не би имало потреба за гласање, информацијата за Стакло - Кристал.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро.

Ве молам кој е за, Предлогот на господинот Шапуриќ за оваа седница да се подготви информација за штрајкот ан техничките секретари во месните заедници во општина Кисела Вода, молам да крене рака?

(17 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот. Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, министри пратеници,

Со оглед на тоа што прифати господинот министер за утрешната седница да изготви информација по однос на водоснабдувањето на системот Брегалница да се дополни и со системот 3, 4 и 5, тоа е Овче Поле затоа што еве изминува месец дена од она што беше оптималниот рок да се пушти водата за наводнување. Еве месец дена се доцни а знаеме што значи еден месец за вегетацијата на растенијата. И ако се појде од тоа што пред

малку го искажа министерот дека главниот проблем е тоа што дел од месните заедници и фирмите кои што користат вода, не наплатиле. За разлика од тоа корисниците на системот 3,4 и 5 во општина Свети Николе и во општина Лозово се редовни плаќачи и секоја година доаѓа со задоцнување најмалку од 50 - 60 дена. Сега би се поставило едно логично прашање што со останатите штети за овие месец дена затоа што и прикажувањето на самиот министер дека ќе се преговара во утрешниот ден ако не се обезбеди вода нема право ни Министерството ни судот да бара земјоделците корисници на системот, да платат, затоа што кој ќе ги сноси штетите настанати во овој период за месец и повеќе дена. Оваа се повторува station наназад повеќе години и секогаш цехот го плаќаат корисниците на системот 3 ,4 и 5, во Овчеполието.

Би го замолил министерот со изготвување на оваа информација да се вклопи во тоа со користење на системот 3,4 и 5.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Системот Брегалница го опфаќа и Свети Николе до петта делница.

Само да појаснам една работа околу штетите што ги спомнуваме. Пак е тоа една работа која треба јасно да ја кажеме.

Штета настанува ако некој платил услуга а не ја добил. Зборуваме за неплатена услуга. Но рековме ќе направиме согледување, таму каде што е проблемот во овој цел систем и ќе добиете информација за наредната седница, не за утре.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Газменд Ајдарага.

II/10.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада,

Предлагам на оваа седница да се постави една Информација, а која се однесува за степенот на загадувањето на водите од акумулацијата "Шпиље" како резултат на загадувањето на реката Радика.

Ова го предлагам од причина што на една од претходните седници предложив точка, што презема Владата по однос на прашањето на заштитата на реката Радика од загадување. Од односното Министерство, односната службеничка ми се јави и ми рече дека ќе даде одговор, меѓутоа до денес одговор не стигна. Деновиве бевме сведоци на големо загадување на водите на акумулацијата на Шпиље, поради што на полно места се гледаше отпад кој е резултат заправо на тоа загадување на реката Радика која по обилните дождови и по топењето на снегот донесе се и сешто на акумулацијата Шпиље. Затоа предлагам Информацијата да се стави на дневен ред на оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Навистина проблемот е што се доцни во одговори на поставени пратенички прашања. Очигледно тоа го потврдува тоа.

Можеме даземеме обврска да изготвиме Информација за загаденоста на езерото Шпиље врзано со реката Радика и со таа информација да го информираме пратеникот.

III/1 ЈМ/ПН

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседастеле, почитувани министри, дами и господа пратеници, пред повеќе време поставив пратеничко прашање, а и се ангажирав да дојде на дневен ред една точка која што ќе каже колкав е степенот на развиеноста на новите 123 општини во РМ. Одговор немаше. Ми испратија еден одговор после тоа кој гласеше дека тоа е многу тешка, кој знае колку килограми тешка и напорна работа. Па, би молел на оваа седница да се одговори, бидејќи дневниот ред е обемен и голем, верувам дека ќе трае повеќе од 2 дена, или на првата наредна седница да се достави еден материјал според закономерностите на Агенцијата за потпомагање на недоволно развиените да имаме еден нов редослед за степенот на развиеноста на општината и така да помагаме, а не тие 34, 35 општини како што беше. Имаме 12 3 општини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да одговори.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ние и во одговорот на пратеничкото прашање кажавме дека навистина станува збор за една сериозна тема која што сака бројни податоци, анализи и за кое што со право господинот пратеник се интересира од аспект на тоа што врзано за степенот на развиеност на одредена територијална единица зависат и одредени активности кои што се врзани со други закони во нивното спроведување како резултат на нивото на развиеност на одредената општина. Ние во Влада ги почнавме активностите, ќе "изработиме еден материјал кој сеопфатно ќе ја акту-

елизира таа материја. Меѓутоа, навистина е тешко да ја земам обврската дека тоа ќе го направиме за наредната седница. Тоа ќе го направиме за некоја од наредните седници, бидејќи самиот господин пратеник кажа дека е тоа многу сериозна и тешка проблематика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Фаик Абди^ Дали се согласува со одговорот на претставникот на Владата.

**ФАИК АБДИ:**

Јас апсолутно се согласувам со г-динот потпретседател на Владата на РМ, бидејќи не ми го спомна името и јас не му го спомнувам г-динот Бузлевски. Знам дека е тоа многу чувствителна и тешка материја, само не чекаат избори, па да не остане ова на некоја друга гарнитура, па и тогаш да молиме. Пред годишните одмори ова да го направиме.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани дами и господа, претставници на Владата јас барам во овој дневен ред да биде свртена и информацијата која ја барам од Владата во врска со проблемот околу неисплатата на 8-те% на пензионерите во РМ. За ова уште во февруар месец 1997 година го поставив барањето и не добив информација. пред 1 месец исто така јас поставив барање за информација, не добив. Имајќи во предвид дека многумина пензионери залажани и дезинформирани дека нешто се случува на овој план поднесоа барања во врска со предметот. 50-тина илјади пензионери одеа, бараа да се разреши овој

проблем. Јас мислам дека заслужува оваа точка да биде третирана во дневниот ред на оваа седница и затоа барам да биде уврстена во дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Навистина ова прашање на два пати пред Парламентот е актуелизирано и на два пати г-динот пратеник има добиено одредени одговори. Ние како Влада не сме во можност во овој временски период да изработиме таква информација. Во тек е една постапка пред надлежните органи во РМ и заради .тоа не можеме да ја изработиме таа информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-динот Станковски молам да крене рака. (14 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен. Г-динот Станковски има процедурална забелешка.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас не знам дали имам право, но би се заблагодарил на претставниците на Социјалистичката партија што не гласаа за овој предлог.

Јас да поставам  едно практично прашање, барам од Владата, мислам дека е можно тоа да го изведеме, барам една информација за реализација на законот за поттикнување на вработувањето во РМ. Ако се сеќавате, ние пред Нова година како Собрание го донесовме тој закон, тече реализацијата на тој закон и мислам дека би било добро ова Собрание да не слуша разно-разни информации од разни партии итн., да се злоупотребува тој дел. Мислам дека нашиот министер има доволно податоци да може една ваква информација на крај од дневниот ред да биде информирано ова Собрание за текот на овој закон, успешноста на законот и на некој начин резултатите од самиот закон. Предлагам една ваква информација да се прифати од Парламентот, бидејќи во интерес е и ние како пратеници да бидеме доволно информирани со официјални податоци. Бидејќи ние на Комисија за труд и социјална политика донесовме еден меѓу другите заклучоци дека Собранието да биде известувано на секои 3 месеци во однос на резултатите на овој закон. И во таа насока бидејќи веќе навршуваат 4, односно веќе 5-от месец, добро е да имаме едни официјални податоци кои на некој начин ќе ни дадат за право да бидеме изворно до крај информирани. Мислам дека тоа не е тешко. СЕ работи за компјутерски податоци, Републичкиот завод за вработување ги има тие податоци, единствено само да ги средиме и да ги дадеме како информација на оваа седница. Па барам една поддршка од Владата прво, а во меѓувреме и од пратениците на ова Собрание.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата прифаќа да изготви таква информација, меѓутоа да биде за информирање на пратениците, а тоа може да ви служи и како предмет за расправа и на Комисијата за труд и социјална политика.

Меѓутоа, не мислам дека треба Собранието да отвори таква расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, предлагам Владата за наредна седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте за наредна, за оваа ако имате предлог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагам за оваа седница информација за загадувањата на еден поширок појас на Скопје од страна на Охис за опасностите од овие загадувања и мерки и активности кои се преземаат за да овие загадувања се спречат, намалат, или да се преземат активности за заштита на населението во овој појас.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Прифаќаме да изготвиме таква информација која ќе биде за информација на пратениците.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, можеби нема да биде дополнување, или изменување на дневниот ред, но со оглед на тоа што на претпоследната седница при -утврдувањето на дневниот ред од г-динот Јован Лазаров беше побарана една информација за тоа кој од пратениците членува, во колку управни одбори делегиран од Собранието на РМ. И таа информација беше прифатена и беше доставен

III/6

до сите пратеници. Мислам дека тоа е добро со оглед на тоа што сум и еден од членовите на Комисијата за избори и именувања. Можеби намерата на г-динот Лазаров беше да докаже како членовите од Комисијата неправилно предлагаат и избираат членови во одредени управни одбори. Но, сметам дека таа информација, да се приклучам кон предлогот на г-динот Лазаров која што ние ја добивме треба да биде дополнета со уште една работа. Со оглед на тоа што има неколку пратеници кои што и по весници беа напишани, меѓу кои сум и јас дека членувам во многу одбори, на пример во 6,7 одбори, иако два, три поминале од нив, да побараме Собранието да ја дополни таа информација кој колку од нас што сме делегирани од страна на Комисијата за избори и именувања добива паричен надоместок за членувањето во тие одбори. Да кажам јас во сите тие 6 каде што членувам не добивам ниту денар за надокнада. Што велиме ние сите се ангарија. За да биде оваа информација комплетна барам Владата на РМ да ни изготви една информација кои од пратениците во Собранието на РМ од почетокот на мандатот па до сега членувале, или членуваат во управни одбори кои што ги делегира Владата на РМ, а за тоа добиваат паричен надоместок и висината на паричниот надоместок кои што го добиваат. Мислам кога веќе се започна со една таква работа да се оди на ред да си бидеме ние како пратеници сите пред јавноста изложени на проверка и да се гледа јасно до крај каде и како членуваме и колку добиваме надоместок. Инаку, би кажал и тоа дека од информација која што ние ја добивме се виде дека поедини пратеници не членуваат во еден, односно во ниеден управен одбор кој што го делегира Собранието. Јавно од оваа говорница повикувам, меѓу нив беше г-динот Јован Лазаров кој што ја бараше таа информација, јавно на оваа говорница велам дека сите 6 каде што јас членувам како член на управни одбори ги сменувам за еден каде што тој членува предложен од Владата на РМ.

Сметам дека Владата на РМ би прифатила да ни изготви една информација за членувањето на пратениците во одредените управни одбори на јавните претпријатија.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Беше побарана информација од Владата за членови на управни одбори од редот на пратениците оние кои што ги именува Владата. Ќе изработиме таква информација и ќе му ја доставиме на г-динот Најдовски за информирање.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, во реонот каде што делува рударско енергетскиот комбинат од Битола до сега се раселени 3 села со околу 200 домаќинства. Станува збор за селата Биљаник, Врањевци, и Суводол. Во две села имотните проблеми се решени. Меѓутоа, проблемот со раселувањето на с. Врасњевци, не е решен. Барам Владата на РМ да подготви за оваа седница информација кога и како ќе се реши проблемот на с. Врањевци кој е присутен веќе околу 20 години на ова подрачје.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Информација можеме да ја изработиме, , меѓутоа, не за оваа седница, ќе ја изработиме и ќе му ја доставиме на пратеникот за информирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Тантаров се согласува.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри, јас мислам дека би било добро за време на оваа седница, ако не денес, утре, би било добро од Министерството за одбрана или внатрешни работи да ни се даде барем на затворена седница една информација за нашите оценки за состојбите на Косово, за можните движења, за репрекусиите во однос на нашата Република и за низа други работи што тие во својот ресор ги знаат. Имено, мислам дека не е добро и доволно пратениците да бидат информирани само преку тоа кога ќе дојде некоја странска делегација, па во разговорот што ќе се каже, да се кажат евентуално нашите оценки за актуелните состојби. Состојбата е мошне сериозна, ние сме многу блиски, многу ранливи и би било добро од наша страна да има еден поглед од ресорниот орган барем на затворена седница, за да бидеме поблиску и ние како чинители до актуелната состојба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не се тука ниту едниот, ниту другиот министер.

Молам дали некој од претставниците на Владата може во врска со овој предлог да даде одговор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не би можеле да изработиме таква информација за оваа седница, а тоа не значи дека не се надлежните министерства во тек со целокупната состојба во нашата земја и движењето на самите гранични линии. Меѓутоа, заради интересот кој што е пројавен од г-динот пратеник, мислам дека за задоволување на таквиот интерес може да се одбере друга форма на комуникација која што ќе го задоволи интересот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Хисен Рамадани предложи дали Владата може на оваа седница, на крајот од седницата да поднесе макар и усмена информација за состојбите на Косово.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не сме во можност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Владата не е во можност да подготви за оваа седница таква информација. Дали да го ставам вашиот предлог на гласање г-дине Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Можеби има причини и затоа работата да се одложи за друга седница. Мислев дека ништо не смета пратениците да бидат информирани на оваа седница усно, односно да се дадат оние оценки што се можни и оние оценки што се оценуваат дека е добро да се дадат. Јас ги разбирам и причините зошто би се одолжило, меѓутоа, мислам дека не е добро за Парламентот тоа. Цела светска јавност бруи за таа проблематика и за нашата евентуална состојба, а ние Парламентот не сме во состојба со две реченици барем еве да го релаксираме ако сме сигурни во она што ќе го изнесеме. Останувам на предлогот, барам да се гласа за тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас сакам нешто да ви предложам, бидејќи седницата следна е закажана за утре, е не се тука ниту министерот за внатрешни работи, ниту министерот за одбрана, мислам дека е тешко да се преземе една

ваква обврска без нивно присуство.

Дали се согласувате тоа да го одложиме за наредната седница? (Се согласува).

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

(Прилог)

7.-

- Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог за верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на закон за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала

3. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесуваше на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон;

6. Предлог на закон за залог на подвижни предмети и права;

7. Предлог за донесување на закон за водење на регистри во Република Македонија;

8. Предлог на црински закон;

9. Предлог на закон за домување;

10. Предлог на закон за празниците на Република Македонија;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Кралството Шведска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал,со Предлог на закон;

8.-

13. Предлог за донесување на закон ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска за взаемна соработка во царинските работи со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Украина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита фискална евазија по однос на даноците од до и на капитал, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Украина за поттикнување и заемна заштита на инвестиции, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесуваше на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка и взаемна помош во царинските работи, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската; влада и Францускага влада во врска со меѓународниот патен превоз на стоки, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна, образовна научна и техничка соработка меѓу Македонската Влада и Француската влада, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за враќање на лица чие влегување и или престој е во спротивност со важечките прописи, со Предлог на закон;

9.-

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, образованието и науката помеѓу Македонската влада Владата на Италијанската Република, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската влада и Владата на Република Полска за соработка во областа на културата и образованието, со Предлог на закон:

22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за обележување на пластични експлозиви со цел за нивно откривање, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на з кон за изменување и дополнување на Закон за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за жичари и скилифтови;

25. Предлог на декларација за еднаквост меѓу половите;

26. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија;

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Битола;

28. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кочани;

29. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Велес;

30. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Неготино;

31. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Психијатриска болница "Скопје" - Скопје;

32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Стоматолошки клинички центар - Скопје;

33. Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на фестивалот "Охридско Лето" - Охрид;

34. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски";

35. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување на предлог за именување на декан Стоматолошки факултет - Скопје

III/11.-

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

4 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1.

Предлог за верификација на мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија.

Извештаите на Републичката (Државна) изборна комисија и на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека на пратеникот Душан Данев му е верифициран мандатот.

Му честитам и му посакувам успех во работата во преостанатиот дел од мандатот на ова Собрание.

IV/1.- РД/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минува на точката 2 - Предлог на закон за лековите, помошните лековите средства и медицински помагала.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 37 став 1, алинеја 1 и на член 129 став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за лековите, помошните лековни средства и медицински помагала.

IV/2.-

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 со кој се согласил пвоереникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман за бришење на член 7 , по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7 поднесен од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

IV/4.-

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатија та со општествен капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

IV/5.-

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, претставници на Владата, почитувани колеги. Веднаш на почетокот да кажам дека се согласувам со измените во денешниот предлог и посебно се јавувам во разјаснување на една дилема, што кај мене се јавува во елаборирањето на членот 3 од измените, односно една дилема која мислам во расправата треба да се расчисти. Имено, се однесува на постојното решение на членот 19 во законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, член кој што го регулира прашањето на еден корисник за приватизацијата на општествениот капитал, корисник кој што во фазата на приватизацијата бесплатно се стекнува со акции, односно уделите, тоа е Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Во оваа расправа исклучиво ќе се задржам на членот 3 и на членот 19 од постојното решение. Веднаш на почетокот таа дилема да ја расчистиме по прашањето. Дали ставот 3 на членот 19 досега овозможуваше продажба на акциите, односно уделите во Фондот. Друго е прашањето каков карактер на располагање на средства, односно дали Фондот слободно со или без ограничување досега можел да ги користи тие средства, значи потребата дали има потреба од внесување на комплетно нов став, или по редослед на работите да одиме со една измена во постојниот став , што значи акциите ,односно уделите се приход на Фондот. Тој став да си го задржиме на постојаното решение што ќе ги избришеме само зборот

"траен". Зошто го велам тоа? Би сакал подробно да го образложам членот 19 од постојното законско решение во законот. Како што знаете, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во процесот на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал се јавува како корисник и тоа се јавува како корисник по основ на бесплатно добиените акции,односно удел* од претпријатијата што ги емитуваат односно бесплатно ги доделуваат на Фондот. Се разбира, тоа е во ред и тоа е во тогашното решение во 1993 година одеше во полза на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Приходот по тој основ и по решенијата на ставот 3 се оствари или постоеше основ за остварување на приход на Фондот, меѓутоа, само по основ на приход од имотна природа, односно од приоритетно партиципативна природа. Тоа значи дека постојното решение на членот 19, став 3, моето мислење е такво, можеби ќе отвориме расправа , дека со постојното решение Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како корисник на приоритетните акции, односно удели и досега можеше да располага со акциите, односно уделите , меѓутоа, значи можеше да ги даде на продажба , но со едно статутарно ограничување во поглед на располагање на средствата за задоволување на потребите за финансирање на фондот. Тоа значи дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување до денешните измени, кај него постоеше можност да располага, да продава, тоа не значи дека Фондот ќе мора да значи дека со сегашното решение на ставот 3 , Фондот дури сега може да ги продава акциите, односно уделите, таа можност постоеше и со постојното решение, меѓутоа, да повторам, продажбата на акциите односно уделите има ограничен карактер, односно на секој оној што ќе ги купи акциите, односно уделите од Фондот, автоматскине значеше, односно немаше карактер на приоритетна парципативна природа односно имотна природа и тој корисник.

оној кој ќе ги купеше акциите на Фондот не можеше автоматски да го остварува правото на автоматска конверзија на приоритетните во обичните акции, односно не можеше да остварува право на автоматско остварување на управувачкото право во претпријатието, односно мораше да чека на доброволност од собранијата на трговските друштва.

Четвртиот став оди во прилог на решаваше на тоа прашање, односно вториот став на сегашниот член 4. према тоа, да бидам појасен. Нема потреба од комплетно бришење на ставот 3 на членот 19, во целина на постојното решение , ставот 3 на членот 19 да се формулира со бришење на зборот "траен", што значи ставот 3 на член 19 би гласел: "Акциите односно уделите се приход на фондот, во продажбата се приход од приоритетно партиципативна природа, а со ставот 4 , со чинот на продажбата, тие ќе се претворат во автоматски обични , што оди во прилог на подобрување на материјално-финансиската состојба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Тоа значи дека постојното реш ние на измената на овој закон , кога акциите, односно уделите со продажбата се претвараат во обични, оди во насока, имајќи ги предвид вкупните околности под кои се одвива процесот на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, имајќи ги предвид досегашните решенија, законски можности Фондот да е оневозможен, целосно да го оствари приходот по основ на приоритетноста на неговите акции и досегашните ефекти , мислам дека решението веќе оди во насока на подобрување на материјално - финансиската состојба на Фондот.

Да заклучам. Претставниците на Владата треба да дадат одговор на следното прашање: Дали постојното решение на ставот 3 од членот 19 ,овозможуваше продажба на акциите односно уделите од страна на Фондот. Ако тој став овозможуваше продажба , тогаш да одиме со ре-

шението, да го избришеме само зборот "траен" во постојниот став 3. Тоа е едно мислење што е за расправа и би се обидел уште еднаш да го потенцирам, доколку има разлика во сфаќањето на ставот 3 што изрично не е кажан, ќе нема потреба од амандмани, би го повлекол. Меѓутоа, уште еднаш би сакал да повторам. Фондот за пензиско и инвалидско осигуруваше, користејќи ја можноста од ставот 3 и досега имаше можност акциите, односно уделите да ги продава. Зошто таа продажба не се одвива, секако има разбирливи и објективни причини,затоа што тој кој би се јавил да ги купува акциите од Фондот , не оствaруваше управувачко право, а сега тоа ќе го правиме со овие измени. Тоа не значеше дека Фондот не можеше да ја продаде акцијата. Меѓутоа, за купувачот му овозможуваше само имотна природа, односно тоа беа акции кои што до денес овозможуваа приоритет и беа од приоритетно партицитивна природа.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, во врска со претходната дискусија сакам да укажам само на една работа, јас не навлегувам во правото на претходниот дискутант да го толкувам законот, меѓутоа ќе укажам само на една фактичка ситуација дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во изминатиот период не продаде ниедна акција и ние сметаме дека тоа не е направено не само од причини што немаше кој да ги купи тие акции, туку и од причини што мислевме дека немаме право тоа да го направиме.

Имено, согласно член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, претпријатијата што се трансформираат според овој закон на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување бесплатно му издаваат акции односно потврда за удел во износ од 15% во износ на вкупната вредност на издадените акции, односно

удели. Овие акции се приоритетни и даваат право на фиксна дивиденда од 2% годишно и сразмерно учество по остатокот на добивката. Тие приходи за фондот во овој период од две години се занемарливи,барем ако се има предвид со сумите кои што се потребни Фондот да ги задоволи потребите на пензионерите, така да само за информација сакам да кажам дека во овој период , заклучно со 27.о4.1998 година на име на дивиденда се добиени средства во вкупен износ од 101 милион и 304 илјади и 816 денари. Ова дивиденда е добиена од 110 претпријатија, меѓу кои има помали и поголеми претпријатија, а покрај фиксната дивиденда од 2% годишно од поуспешните претпријатија добиено е и сразмерно учество во остатокот на добивката. Да не бидам погрешно сфатен односно да не бидам сфатен дека реплицирам на претходниот дискутант, сакам само да укажам дека навистина во Фондот досега не е продадена ни една акција и единствен недостаток беше во тоа што овие приоритет- ни акции им овозможуваат на Фондот само остварување на право на дивиденда. Фондот немаше никакви управувачки права во овие претпријатија. Токму од тие причини сакам да го подржам решението во законот за измени и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со кој што се овозможува Фондот да има поактивен однос во рамките на оваа материја.

**ГОРГИ АТАНАСОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Односно да ги продава акциите и да ги купува акциите, мислам дека тоа претставува еден од процесите, односно влегување во третата фаза на трансформација на самиот фонд за негово капитализирање.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Господинот Каров реплика.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Со колегата Атанасов не можеме да се разбереме. Кажав на почетокот измените, не зборувам за ставот 4 сега, кога фондот со продажбата автоматски се претвораат приоритетните во обични акции. Таа работа треба да се разјасни. Фондот, со постојното решение, остварува приход по два основи. По основ на приходи што акциите кои ги стекнал се од приоритетна природа, тоа е едниот приход и вториот приход е од продажбата на акциите. Меѓутоа, зошто не може фондот да изврши продажба на акциите? Не може да изврши продажба на акции затоа што ако било кој корисник во процесот на продажбата на фондот купи акција, тој мора да оди на доброволност на Собранието на трговските друштва да му ја конвертира. Дали ме сфаќате? Тој автоматски до сега со продажбата на приоритетната акција не стекнуваше управувачко право и тоа го регулираме сега со новиот став 4. Спрема тоа, да ни бидат работите сосема јасни дека фондот со постојното решение, тоа е мое мислење, дека со постојното решение не беше оневозможена продажбата на акциите односно уделите од страна на фондот. Причината е друга. Причината е што ставот 3, користењето на тие средства беа од траен карактер.

Втората причина што значи тие акции односно удели тој не можеше да ги користи за финансирање на тековните потреби. Тој можеше да купи акции, да продаде акции со постојното решение и за истиот износ да купи други акции. Дали ме сфаќате Атанасов? Тоа е постојното решение. Во ред. Ако досегашното толкување е такво дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување акциите и уделите се траен извор на приход, тоа решение оневозможувало продажба, тогаш работата е во ред.

Јас се согласувам, меѓутоа, ние мораме да кажеме дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување имаше проблеми токму од причините кои ги реков со ставот 3 и сега го регулираме со ставот 4 со автоматска продажба и претворање на акциите во обични.

Разбирлива ми е причината зошто Фондот со досегашните решенија не може да врши продажба на постојните акции од приоритетна природа, односно удели затоа што таму каде би ја извршил до сега немаше право тој што ја купил да има управувачко, односно право во Собранието на друштвата и мораше да чека на согласност од собранијата на доброволност на согласност од трговските друштва.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господинот Атанасов.

**ГОРГИ АТАНАСОВ:**

Јас мислам дека добро го сфатив господинот Каров, меѓутоа очигледно тој не ме сфатил мене со самото ова што го кажа на крајот, потврдува дека имаме исто мислење.

V/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Каров реплика.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Мислиме исто по ставот 4 и мислиме исто по однос на она што и Фондот и предлагачот одат во правец на заокружување на една регулатива која по членот 19 оди во правец на подобрување на состојбите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Јас уште на почетокот реков дека измените без резерва ги прифаќам. Не можеме да се разбереме со претседателот на Управниот одбор што јас сакам да кажам дека ставот 3 до сега предвидуваше продажба на акциите, односно уделите. Причините зошто не продал ниту една акција, односно удел е од оправдана природа затоа што тие на купувачот не му овозможуваат купуваше управувачко право, односно му овозможуваат само право од имотна природа да ја дели судбината онака како што ја делел Фондот. Во тоа е разликата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за додавање нов член 6-а, член 8 став 1 и член 17 став 1,2 и 5 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 17 став 5 и на член 21 во новиот член 89-а став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

V/4.-

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (48 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема).

Колку пратеници се присутни во салата? (51 пратеник).

Немаме кворум за одлучување.

Очигледно дека изборите се тука кога не можеме ни час и половина да издржиме работно.

Јас ги молам пратениците да не ја напуштаат салата, еве во 15,00 часот ќе дадам пауза за ручек.

(Во салата има 61 пратеник).

Го повторувам гласањето.

Ве молам, кој е за Предлогот на законот да крене рака? (61 пратеник) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласаше? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Поминуваме на 5-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

V/5.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема).

V/6.-

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Преминуваме на 6-та точка - Предлог на закон за залог на подвижни предмети и права.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 5 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Кој е претставник на Владата по овој закон? (Во салата се наоѓа само министерот Владимир Наумовски).

Молам да се извести претставникот на Владата, а ние продолжуваме по 7-та точка.

Преминуваме на 7-та точка - Предлог за донесување на закон за водење на регистри во Република Македонија.

Дали имаме претставник на Владата по оваа точка?

Или ќе немаме пратеници или министри. Никако да ја синхронизираме работата.

Молам да се повика министерот за финансии или заменикот.

Добро, имаме претставник на Владата за точката 7.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за водење на регистри во Република Македонија.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на телата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Заводот за платен промет.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (56 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржан? (1 пратеник).

Колку пратеници се присутни во салата?

Уште еднаш Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

V/8.-

Констатирам дека Собранието го усвојува предложениот заклучок.

(Во салата ѕвонат мобилните телефони).

Ве молам мобилните телефони да ги исклучите, сакам да ве известам дека лично ќе опоменувам по име.

Господине Мешков исклучете го мобилниот телефон, ве молам.

Застанавме на 6-та точка - Предлогот на закон за залог на подвижни предмети во претресот по амандманот на Законодавно-правната комисија. Имено, Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 5 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Спасов, министер за правда.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

V/9.-

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за залог на подвижни предмети и права.

Преминуваме на 8-та точка - Предлог на царински закон.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Шапуриќ.

Јас ве молам за трпение, реков во 15,00 часот ќе дадам пауза, па да работиме до тогаш.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред нас се наоѓа донесување на еден мошне важен закон, за жал, кој по се изгледа ќе помине без некоја посериозна расправа, како во општиот претрес така и во амандманскиот претрес.

Јас би сакал да дадам сосема кус коментар во врска со донесувањето на овој закон за кој, морам да кажам, ниту комисиите не обрнаа доволно внимание иако се работи за мошне значаен и витален закон за Република Македонија. Овој закон наметна една дилема, односно дали Царинската управа треба да биде самостоен орган како што беше до сега, или пак треба да биде во состав на Министерството за финансии.

VI/1.- НН/ЉР

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:** (продолжение)

Лично мислам дека поранешното решение кога царинската управа беше самостоен орган е многу поприфатливо отколку Царинската управа да не биде самостоен орган, туку да биде во рамките на Министерството за финансии.

Исто така, една битна измена се предвидува во овој Закон. Имено, за разлика од поранешните решенија кога директорот на Царинската управа и неговиот заменик беа бирани од Собранието на РМ, сега се предлага една измена - Владата да го врши тоа, така да од закон во закон навистина самото Собрание си ги одзема ингиренциите и ги пренесува на Влада и Парламентарната демократија ова Собрание ја претвара во владина демократија што е навистина чудно и неприфатливо.

Во поглед на другите решенија на овој закон јас би сакал да укажам на тоа дека овој Закон би требало да претставува една квалитетна новина во смисла на стимулирање на царинските зони бидејќи решенијата што се предвидени во самиот закон не предвидуваат доволно стимулирање за основање на царински зони, кои што и тоа како можат да придонесат за развојот на производството, бидејќи во сите мали земји особено оние како Македонија, кои се и транзитни искуствата покажуваат дека еден од начините на зголемувањето на производство и зголемувањето на производството пред се заради извоз, исто така и влез на современа технологија е една од најприфатливите форми се токму царинските зони. Оттаму мислам дека решенијата во Законот треба да бидат многу повеќе стимулативни отколку што се дадени. Имено, таму се дадени лимити кој дел од стоката која се произлегува мора да биде извезена. Мислам дека тој процент е висок и може да се намали. За тоа имам поднесено и амандман.

Исто така мислам дека што повеќе одредби треба да се внесат во смисла дека овој Закон навистина да овозможи стимулирање, отворање на тие безцарински зони како една можност за решавање на натрупаните проблеми на македонското стопанство, а тоа е зголемување на производството, производство заради извоз пред се и за влез на странска технологија.

Исто така значаен институт кој се обработува во овој закон е увозот заради извоз односно привремениот увоз заради извоз кој се врши заради доработка, оплеменување итн., бидејќи знаеме дека Институтот што се предвидува е мошне важен, затоа што најголем дел од нашата текстилна индустрија работи токму на овој принцип. Оттаму сметам дека и тие одредби и мора да бидат многу поконкретни. Овде е предвидено критериумите за увозот по овој основ, привремениот увоз заради извор да ги утврдува Владата, а не се содржани во самиот закон, како и многу други критериуми, како што се критериум за докажување на потеклото на стоката, критериум по кој се утврдува високо активна стока итн. Така да носиме еден закон кој што нема да биде комплетен бидејќи создава многу празнини и фактички Владата со свои одлуки да го надополнува.

Сметам дека ако ваквите решенија останат, критериумите по овие неколку институции да ги носи Владата, да не бидат утврдени и прецизирани во Законот ќе донесеме еден, навистина непрецизен закон.

Исто така, овде е укажано дека за големината на царинската вредност на стоката кога се увезува треба да се прецизира дека исклучиво и децидно транспортните трошоци ќе бидат само до границата на РМ. Тоа не е ставено во сите случаи и не е директно напоменато.

Во членот 33 има едно решение кое што е навистина чудно, каде што се предвидува надоместок и трошоци за користење на патенти и модели ќе бидат земени предвид за утврдување на царинската основа. Обратно, не би требало да бидат земени бидејќи надоместоците за патен- ти ако се ослободат од утврдување на вредноста за царинска основа би значело еден стимул за прилив на странска видока технологија. Во овој случај овој Закон би делувал дестимулативно, бидејќи знаеме дека самата царинска функција има неколку функции. Таа е стимулативна и развојна, не само фискална и нормално преференцијална односно заштитна. Втората функција односно развојна функција на царината не е волно регулирана со овој Закон.

На крајот би сакал да кажам околу привремениот увоз заради извоз. Тука роковите не се доволно јасно утврдени и сите тие одредби кои што се однесуваат на привремениот увоз заради извоз, заради опле- менување, доработка, производство или лон работа, за кои што кажав дека нашите текстилни фабрики најчесто ја вршат таа доработка би морале да се допрецизираат и особено значајно роковите во кои што царинските органи би морале да ги извршат обврските на оцаринување. Да бидат многу попрецизно и поќесплицитно наброени бидејќи царинската управа би морала да биде експедитивна. Особено треба да се наброи во оние случаи кога се работи за стока која може брзо да се расипе, па заради неажурноста, евентуално на царинските органи увозникот да претрпи неоправдано и неосновано голема штета. Оттаму сметам дека овде фалат едни куси, цврсти рокови кои би биле уште поригорозни во случај на стоки кои се подложни на брзо расипување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.,

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 6, став 2, член 18 став 7, член 26 став 3, член 31 став 1, точка 2,алинеја 2, член 52 став 2, член 86, член 164 став 1, член 175 за менување на став 3, член 182 став 1, алинеја 9, член 189 став 5 и на член 219 за менување на став 1 и за бришење на став 2 со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на Предлогот на текстот на Предлогот законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 108 став 5 за менување на алинеја 2, 3 и 4 со нова алинеја 2 и на член 174 став 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Закондоавно-правната комисија поднесе амандмани пред член 1, член 12 став 7 и 14, член 25 став 3, член 29 став 4 и член 66 став 3 , член 80 став 4 и во целиот текст во Законот за изменување на зборот "дозволата" со зборот "одобрението" член 98 алинеја 1, член 156 став 6, членовите 157 став 2 и 3, член 159 став 1,2 и 3 и член 161 став 1 и 2, член 158 за менување на став 1, член 184 алинеја 4, член 189 став 3 и 4, член 210 став 6, членовите 214 став 1 и 2; член 218 и 222 и член 220 ред 4 со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правмата комисија поднесе амандмани на член 6 за бришење на став 2 и 3, член 9 за бришење на став 6, за бришење на член 11, на член 12 за бришење на став 2 и за бришење на член 194 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Душан Николовски поднесе амандмани на член 44 во називот, член 172, во називот член 184, став 4 и на член 194 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ристо Масев поднесеа амандман на член 12, став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 9 став 4 и 5 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Газменд Ајдарага поднесе амандман на член 42 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 138 став 1 алинеја 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за бришење на став 2 и 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВ ЈАНКА СТО ЈАНОВА :**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 4 и 5 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман, а со амандманот г-динот Шапуриќ го бара следното:

Директорот на Царинската управа да го бира Собранието а не Владата. Зошто не се прифаќа амандманот? Амандманот не се прифаќа заради тоа што сега со одредбите кои што се во Царинскиот закон стои дека Царинската управа ќе биде во состав на Министерството за финансии. Кога е во состав на Министерството за финансии според Законот за органите на Управата за органи во состав на министерствата согласност и изборот го врши Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандамнот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот да крене рака? Еден пратеник е за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 9 за бришење на став 6 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик на министерот за финансии

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман не се прифаќа.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот да крене рака? Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик на министерот за финансии

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 за бришење на став 2 поднесен од ЗПК.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА;**

Г-дине претседателе ако ми дозволите, бидејќи овој амандман е составен од два става, првиот став не го прифаќаме бидејќи таков амандман има од друг пратеник, а вториот став од овој амандман го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, предлагачот на амандманот со вака модифициран предлог дали се согласува?

(Се согласува)

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2 поднесен од пратеникот Ристо Масев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот на г-дин Ристо Масев се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 42 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВНЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот на г-динот Ајдарага, кој што се однесува на член 42 став 1, со кој што г-динот Ајдарага предлага да се додаде нов став сметаме дека е регулиран во другите членови во текстот на Законот. Сметаме дека овој член со додавањето на овој став само би го обременило, а не би допрецизирало ништо. Заради тоа сметаме дека г-динот Ајдарага. не би требало да инсистира на овој амандман бидејќи царинскиот пат е регулиран во другите членови од Законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ајдарага се согласувате, или инсистирате да гласаме.

Го повлекувате амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 44 во називот поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот на г-динот Душан Николовски се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 138 став 1 алинеја 2 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Сметаме дека премногу е низок процентот од 60% како што предлага г-динот Шапуриќ и останувaме на решението во концептот на Законот. Значи не го прифаќаме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот да крене рака? Четворица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 172 во називот поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик на министерот за финансии

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи овој амандман е од редакциски карактер, го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 184 став 4 поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СТОЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

VI/10.-

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 194 поднесен од ЗПК.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

И овој амандина се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Отворам претрес по џамаданот на член 194 поднесен од пратеникот Душан Николовски.

**СЛАВНЈАНКА СТОЈАНОВА;**

Бидејќи пред малку го прифативме амандманот на ЗПК овој амандман не го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е тука предлагачот на амандманот, молам некој друг дали бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот да крене рака? Ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (51 пратеник)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Колку пратеници има во салата?

Во салата се присутни 55 пратеници, и гласањето не може да биде валидно.

(Во меѓувреме во салата влегуваат пратеници)

Ве молам да го повториме гласањето.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Царинскиот закон.

VII/1 СС/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точката 9 - Предлог на закон за домување Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Тромбев Министерство за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Станбените прашања, како еден од најважните егзистенционалните потреби за животот на граѓаните предизвикувале, предизвикуваат и ќе предизвикуваат голем интерес кај целокупната јавност за начините и можностите за нивни соодветни решенија.

Задоволувањето на станбените потреби во изминатиот период, беше претежно во функција на социјалната политика и заштита на стандардот на работните луѓе и граѓаните, со уважување на принципот на солидарност и заемност.

Последниот и моментално актуелен Закон, што ја регулира оваа област, донесен е во далечната 1973 година и до денес е повеќе пати изменуван и дополнуван, а со него беше загарантирано стекнувањето на станарско право на стан во општествена сопственост.

Меѓутоа, со Уставот на Република Македонија, се напушта станарското право, како трајно загарантирано, од што произлегува потребата од трансформација на станарското право во договорен однос помеѓу сопственикот и закупецот на станот.

Самото тоа, наметнува потреба од темелни промени во областа на домувањето со преземање на усогласени мерки од сите субјекти, заради воведување првенствено на пазарни сопственичко - правни односи, нов начин на договорни односи во управувањето со становите и станбените згради и закуподавните станбени односи.

Со оглед на тоа што станбената изградба има повеќекратно влијание во развојот на вкупното стопанство на Република Македонија, промените кои треба да се преземат во станбеното законодавство треба да одат на релација на обезбедување услови за делување на пазарните законитости во станбената област. _

Имајќи го во предвид фактот дека, становите како економско добро, служат пред се за потрошувачка, разбирливо е што во пазарното стопанство, решавањето на станбеното прашање треба- да биде обврска на поединецот, со јасно разграничување на неопходните социјални елементи во оваа област, од стекнувањето. управувањето и одржувањето на станбениот фонд.

Почитувани пратеници !

НИЗ РАСПРАВАТА ПО ПРЕТХОДНАТА ФАЗА НА ЗАКОНОТ ГПТО СЕ ВО- ДЕШЕ ВО КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БЕШЕ ПО- КАЖАН ГОЛЕМ ИНТЕРЕС ЗА ЗАКОНОТ И БЕА ДАДЕНИ СОЛИДНИ ПРЕДЛОЗИ, МИСЛЕЊА И ЗАБЕЛЕШКИ ШТО ПОСЛУЖИЈА ВО ОФОРМУВАЊЕТО НА ОВОЈ ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОМУВАЊЕ.

ПРЕДЛОЗИТЕ И ЗАБЕЛЕШКИТЕ НА КОМИСИИТЕ ВО ГОЛЕМ ДЕЛ СЕ ПРИФАТЕНИ, А ДЕЛ ОД ЧЛЕНОВИТЕ СЕ ПРЕРАБОТЕНИ И ПРЕФОРМУЛИРАНИ ИЛИ Е ДАДЕНО НОВО РЕШЕНИЕ.

Во периодот од усвојувањето на Предлогот за донесување на Закон па до денес, направени се поопстојни анализи на првичните предлози кои се однесуваа на: Фондот за изградба и одржување на станови, решенијата на правата над станбен простор на социјално загрозените лица - станбено необезбедени согласно Законот за социјална заштита, којшто овој Парламент го усвои пред извесно време, сегментот во Законот кој се однесува на станбените згради и становите во сопственост на Република Македонија, како и тековното и инвестиционо одржување на становите и станбените згради.

Со овој Предлог на Закон, дадени се поконцизни решенија на овие прашања.

Денес пред вас е Предлогот на закон за домување со кој, на соодветен начин се уредуваат сите прашања од интерес за остварување на пазарните односи во станбената област и за нејзин позабрзан развој.

Со Законот, пред се, се уредуваат прашањата кои го ограничуваа или го демотивираа рационалното користење на станбениот фонд, се обезбедуваат реални услови во решавањето на станбеното прашање, како едно од егзистенцијалните прашања на граѓаните, во согласност со нивните можности.

Ќе нотирам определени решенија дадени со Предлогот на Законот за домување:

• Во закуподавните односи, за давање на стан под закуп, одлучува сопственикот на станот, при што тој и самиот ја определува висината на закупнината.

Закуподавачот е должен на закупецот да му овозможи непречено користење на станот, но затоа пак, закупецот е должен станот да го користи како добар домаќин и не смее станот да го издава во под закуп или да врши преправки, поправки и адаптации на станот, без согласност на закуподавачот.

• Со посебно поглавје на Законот даден е третман на станбените згради и становите во сопственост на Република Македонија.

Планирањето и обезбедувањето на средства за изградба и одржување на овие станови се врши со годишна програма на Владата на Република Македонија за што: средства се обезбедуваат од закупнинарта, буџетот, донации, фондации, кредити и друго.

Владата на Република Македонија исто така, го уредува начинот, условите и постапката за давање под закуп на становите во сопственост на Република Македонија.

При тоа, особено се нагласува дека, покрај другите закупци на станови во сопственост на Републиката, корисници можат да бидат и социјално загрозени лица, согласно Законот за социјална заштита, станбено не обезбедени за што од вкупните финансиски средства за изградба и одржување на станбените згради и становите, најмалку 25 проценти се наменети за оваа категорија на лица.

• Со досегашните прописи во станбената област едно од тешко справедливите прашања, беше одржувањето на станбените згради и становите.

Со Законот, обврска е на сопствениците редовно да ги одржуваат станбените згради и становите со нагласок дека инвестиционото одржување паѓа на товар на сопственикот, а тековното одржување на товар на сопственикот односно закупецот.

• Институтот куќен совет веќе децидно се дефинира како правно лице со обврски и права во функција на одржувањето на зградите и заедничките простории, делови и уреди, земјиштето што и припаѓа на зградата, спроведување на куќниот ред и сл.

• Заради безбедност и сигурност на имотот. лична сигурност на сопствениците односно закупците. заради спроведување на куќниот ред и друго. сопствениците на становите поставуваат домар на станбената зграда.

Со оглед на неговата функција очекуваме дека ова решение ќе биде нашироко прифатено.

• Со преправки и поправки на стан не смее да се нанесува штета на други станови или на зградата, сопственикот е должен да изврши преправки и поправки, ако со нивното неизвршување се нанесува ш тета на други станови.

Исто така обврска е станарите да извршуваат неопходни поправки и дефекти на зградата ако на истата и се нарушува архитектонско - градежната целина.

Стан, дел од стан, помошна станбена или заедничка просторија, може да се пренамени за вршење НА ДЕЛ0ВНА ДЕЈНОСТ, МЕГУТОА ПОЧИТУВАЈЌИ ЈА СОПСТВЕНОСТА, САМО СО ПРЕТХОДНА С0ГЈ1АСН0СТ НА СИТЕ СОПСТВЕНИЦИ НА СТАНОВИ ОД СТАН- БЕНАТА ЗГРАДА, Т.Е. ВЛЕЗ.

• Вообичаено, со одредби во Законот регулиран е надзорот над законитоста во неговото спроведување, како и инспекциskиот надзор со пропишани соодветни казнени одредби.

Оттука, ценам дека и денес вашиот придонес во донесувањето на овој Закон ќе биде голем и на истиот ќе дадете широка поддршка.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници

, Би сакал сосема накусо да се осврнам на одредени решенија во овој закон што, според мене се неприфатливи.

Имено, во случајов станбениот проблем да се пренамени во деловен простор потребна е согласност на сите станари. Ова , во праксата се покажа како неможно. Очигледно дека предлагачот на законот сака оние кои сакаат да го пренаменат станбениот простор во деловен или да ги оневозможи или да ги упатува на суд и непотребно се отвораат судски постапки . Бидејќи, оваа пренамена од станбен во деловен простор, како што беше укажано и на некои комисии, би можела за одредени дејности, барем за тие дејности кои што не пречат нити создаваат некоја бука на станарите да биде дозволено без согласност на сите станари.

Во пракса, замислете една зграда од 50-60 станови, голема зграда, како би изгледало тоа оној кој сака да го пренамени станбениот простор во деловен да добие согласност од сите станар? За тоа нема теоретски можности ниту шанси и , се упатува на суд каде можеби две-три години ќе трае судскиот спор . Така што одре- дени граѓани кои сакаат да обавуваат дејност во станбен што ќе го пренаменат во деловен простор, а сигурно и вие сте имале многу по- плаки од граѓани , дека од една страна Владата, цело време тврди дека е потребно само вработување на луѓето и тн, а од друга страна, сега, со овој нов пропис со кој што наместо да изврши либерализација во овој однос врши едно неоправдано ограничување и стеснување на можноста на човекот да ја обавува својата дејност во овој простор

Сосема го разбирам предлагачот за одредени дејности што се бучни и има одредени пречки за станарите, дека не би можела да се обавува таа дејност во тој станбен простор.

Меѓутоа, дали, еве овде има инженери , архитекти и тн, дали едно проектантско биро не би можело да биде во овој простор во станбени згради? Секако дека би можело и дека може да го пренамени тој станбен простор за обавување на одредена деловна дејност.

Исто така јас верувам дека на министерот и другите им е познато дека во развиените западни земји овие прописи во врска со обавување на одредени деловни дејности во станбени згради се сосема либерални. Сите знаете дека многу канцеларии на претставништва и особено трговски фирми или проектантски бироа се наоѓаат токму во строгиот центар, во најголем дел во згради што се инаку станбени по својата основна намена. И, оттаму незнам од каде вакво решение а цело време тврдиме и во оваа област дека се стремиме кон разви- ените земји, кон пазарно стопанство. Но, со една ваква рестриктивна одредба што ги упатува сите кои сакаат да го пренаменат станбениот во деловен простор ги оневозможува.

Повторно ќе укажам, особено за оние дејности што навистина никаква пречка не би имала на останатите станови во поглед на бучава или некоја голема фреквенција и сл. Затоа сметам дека ова решение е неопходно да се измени бидејќи дестимулативно влијае на вработуваше на луѓето.

Сакам да кажам дека досега во праксата имаа големи проблеми станарите кои живеат во големи станбени згради на последниот кат, односно во поткровје каде не беа доволно решени прописите ниту во облигационите односи, ниту другите прописи, ниту пак од оваа област, покривот односно заедничките простории да ги одржуваат сите станари.

Овде нема некоја посебна обврска, односно обврска тој сам да ја направи па потоа пак на суд да ги тера тие работи. Мислам дека тоа не е доволно решение. Или пак тоа што поранешниот министер Јорго Шундовски ни ветуваше дека со новиот закон за домување ќе се овозможи во градовите да се добие нова станбена површина. Имено, ќе се овозможат еластични одредби што ќе овозможат оние кои се на последниот кат да ги доградуваат во вид на потпокрив станбените еди-

ници и да се здобие со нова станбена површина. Повторно ќе кажам дека, до колку се ограничи и до колку полиберално не се постави пренамената на станбен во деловен простор, навистина, со овој закон нема да ги постигнеме саканите ефекти и ќе бидеме контрадикторни со она што декларативно се залагаме дека луѓето треба да се самовработуваат, а од друга страна не само со овој закон, помеѓу другото и со овој закон, тоа им го оневозможуваме.

Овде е предвидена нова институција домар. Во разговор со претставниците од Министерството ми кажаа дека не се предвидени санкции за ова. Меѓутоа, прашање е сега во тие згради дали во денешниве услови што ги имаме, не вела дека кон тоа не треба да се стремиме, би можеле граѓаните да издвојуваат пари во ваква економска состојба во која се наоѓаат и за еден таков дополнителен трошок.

Јас имам толку, се надевам. дека особено ова во врска со пренамената на станбен во деловен простор, дека министерот г-дин Тромбев ќе ми даде одговор кои се тие мотиви што ги упатува тие луѓе кои сакаат да ја вршат својата деловна дејност во зградите, без оглед на тоа било каква дејност. Повторувам, се согласувам за оние дејности што навистина би пречеле на останатите станари. Но, има такви дејности ви какав, вие сте од таа струка, проектант, никаква пречка нема еден класичен пример да ја обавува таа дејност во станбените простории.

Сигурно ви е познато дека во развиените земји токму во станбените згради се наоѓаат седишта на одредени трговски фирми и претставништва.

Мислам дека ќе ми дадете појаснување.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Токму по однос на првото прашање, во однос на деловниот простор, предметот на овој закон е закон за домување. Значи дека

основната намена на овој закон и на станбениот простор е само за станување, а не и за деловен простор.

Ова решение е преземено од решенијата на другите законски регулативи од западните земји. Затоа што не е исклучена можноста да го пренамени во деловен простор, меѓутоа само со согласност —а другите станари.

По однос на второто прашање, по однос на поткровјето, не е проблематика на овој закон туку тоа е проблематика на урбанистички планови. Тоа е решено со друг закон.

Во однос на институцијата домар, ја ставивме во овој момент бидејќи мислевме дека е соодветно решение. Меѓутоа, со оглед на економската ситуација во која што се наоѓаат граѓаните , оценивме дека како санкција во однос на поставувањето на домар во овој момент не треба да предвидиме, меѓутоа предвидовме санкција во однос на новите планови, новите главни проекти што се работат за станбени згради, до колку не предвиди просторија за домар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Го разбирам настојувањето на министерството да ја воведе функцијата домар. Меѓутоа, исто така имаме определба за изградба на поевтини станови . До колку новите станбени згради бидат оптоварени со нов простор, тоа значи дека цената ќе биде зголемена и во тој случај наместо да дојдеме до поевтина станбена изградба, зборувам од сегашен аспект, цената на станбениот квадрат ќе биде зголемена.

Во поглед на првото објаснување, навистина не ми се при-фатливи тие ограничувања што сме за закон и понатаму останувам на тоа дека решенијата за деловен простор треба да бидат полиберални

особено ако се наведе кои дејности можат да се вршат. Имаше можност во законот да се наведат токму тие решенија, тие дејности што нема да пречат на останатите станари. Со тоа ќе делуваше мошне стимулативно на граѓаните во решавање на просторот со свој деловен простор.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Биљали. М

**ЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Дами и господа пратеници, излегов тука за да дадам поддршка на претходниот дискутант од причина што сметам дека не само има логично право неговиот предлог: туку едноставно неговиот предлог има сосема согласност со основните начела на Уставот на Р М во однос на правото на сопственост.

Ова прашање мора да го сведеме на логична основа, од причина што сепак не е сосема логично во една зграда каде сопственикот има и интерес тој простор да го пренамени во деловен, од причинана економски интерес да ги испрашува, односно да добива дозвола од 50-тина други станари во рамки на таа зграда. Дури има такви случаи во пракса што оваа работа до крај се комерцијализира, така што луѓето едноставно ги условуваат тие што бараат согласност - фрлајте кај мене некои 5000 марки па ќе ти дадам согласност. Замислете која е таа незаконска основа за стекнување со пари врз основа на тоа што ние, како право тука го дефинираме.

**МЕРСИМ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Читајќи ги аналитично некои решенија во други држави се убедив дека ова прашање кај повеќемина од државите се решава мошне на флексибилен начин односно кај нив се одделува само кругот на тие станари кои се наоѓаат во непосредната близина до објектот кои претендираат да се пренамени. Тоа е прво. Второ, на децидивен начин и таксативен начин се набројуваат дејностите за кои се смета дека се нарушува нормалното живеење во рамките на таа зграда. Јас сметам дека ваквото решение како што стои во Уставот е директно во спротивност со духот на Уставот, мислам решението што се нуди во предлогот, е директно спротивно со уставните начела на Република Македонија за една од најважните компоненти во однос на сопственоста, која е правото на слободно располагање со сопственост. Значи, не сметам, ако сакаме да теоретизираме дека и оваа компонента на сопственоста односно правото на располагање треба да биде апсолутно. Меѓутоа, не би требало правото на потстанарите за давање согласност, исто така да биде апсолутно. Тука мора да се изнајде едно логично и прифатливо решение во интерес на сите страни.

Очигледно е дека повеќемина кои располагаа со деловни простории, особено од првиот или приземјето на зградата, тие објекти ги пренаменува за комерцијални цели и не гледам причина зошто ние со закон толку таа работа да ја искомплицираме, што навистина во праксата предизвикуваме контраефекти.

Затоа, предлагам, еве тука можеме и да се договориме, во вид на амандман да предложиме соодветно решение, така што кругот на тие луѓе кои треба да даваат согласност, треба да се стесни, само до непосредниот круг на деловните простори кои претендираат да се пренаменат. Инаку, секакво друго решение, сметам дека е спротивно со законитостите на пазарната економија.

VIII/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ќе бидам сосема краток. Прво, би рекол дека е неоспорна потребата Собранието денес да го донесе овој закон, пред се имајќи го предвид фактот на огромното значење што го имаат станбената изградба и тоа повеќестрано влијание врз вкупниот развој на македонското стопанство.

Второ, затоа што со овој закон ќе се овозможат темелни промени во станбената област во РМ, пред се, со уредувањето на пазарни сопственички, правни односи помеѓу во сферата на управувањето , изградбата и одржувањето на станбениот простор во РМ. Притоа, би сакал да потенцирам дека и овој пат како и за многу други закони, Владата премногу задоцни со предлагањето на завршната фаза, посебно ако се знае дека претходната фаза, односно првата фаза на законот Собранието ја усвои во септември 1996 година, значи, на Владата и требаат цели една ипол година за да се одлучи на оваа верзија на законот. Меѓутоа, добро е и на некој начин што помина толку време, затоа што во овој предлог на закон што денес го имаме пред нас се направени поголеми, би рекол, измени, дури концепциски и содржински на претходната верзија на законот, со што тој добива повеќе во квалитет во однос на претходната верзија што ја имавме пред една ипол година на расправа.

Би сакал да потенцирам дека не е добро што во образложението што е доставено од Владата не се внесени, не се коментирани забелешките кои беа изнесени во првата фаза, иако добар дел од нив се прифатени.

На крајот, би сакал да кажам дека со овие забелешки кои се внесени во законот, законот е, да речам, во некои делови потполно преработен, доста рационализиран, исфрлени се некои нелогичности од него, успеал предлагачот односно Владата или Министерството да ги

усогласи одредбите на овој закон со другите закони кои имаат допирни точки со оваа материја, така што и моја оценка и на Комисијата за градежништво и урбанизам дека со одредени амандмански интервенции законот би требало да биде прифатен на денешната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 8, член 22, став 1 и 2, член 27, член 28 и на членовите 30 и 34, алинеја 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 56 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 30 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 34 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 30 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Овој предлог не се прифаќа од причина што се работи за членот каде што за социјално загрозените лица се наменуваат најмалку 25% од финансиската програма за изградба и одржував>е на становите. Викам, во членот е нагласено најмалку 25%.

VIII/4. .-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Прво, мислам дека што Владата и државата веќе прават напори да имаат своја програма околу разрешување на проблемите на социјално загрозеното население во РМ. Тука мислам дека тоа е позитивен дел. Она што е спорно, барем за мене, меѓу 25 и 50 јас го допрецизирам тоа, за да не се манипулира дали тоа ќе бидат 25,26,туку јас сметам дека тоа барем половина од сите средства што ќе се соберат во рамките на овој фонд односно буџетот, би требало да бидат наменети исклучиво за социјално загрозено население.

Прва и основна причина, искрено кажано, после промените кои настанаа со СИЗ-овите, еве 8 години практично, се наруши тој систем, комплетен систем во однос на разрешуваше на проблемите околу решавањето на станбеното прашање на онаа категорија на граѓани за која државата веќе тврди дека се социјално загрозени и материјално необезбедени. Ако веќе државата така третира и ги третира овие категории на граѓани, кои се под одредени критериуми на државата влегле во одредено право да користат како социјално право во рамките на законот за социјална заштита, мислам дека е апсурд во овој дел кога веќе имаме поголем дел на граѓани во една таква лоша станбена положба ако ние сакаме и онаа категорија која веќе ги добила таквите станови и оние што треба понатаму тоа да го имаат , мислам дека нема друг систем. Еве и вие министре, вие имате голем дел на поплаки претставки во Вашето министерство и барање од граѓаните. Како да го разрешат проблемот со нивното станбено живеење. Во овој момент државата нема решен систем. Ние се обидовме сега тоа да го расчистуваме во рамките на законот за социјална заштита за една, да не кажам определена категории на граѓани, под одредени критериуми, меѓутоа, лично сметам без разлика на убедување итн. во интерес на државата, Владата итн., ние мораме

да имаме повеќе средства за да во овој вакум кој настана, бидејќи сега немаме материјални средства, да го забрзаме овој проблем и на некој начин да ги обезбедиме овие граѓани. Во тој контекст мислам дека би било добро попрецизно да ги насочиме овие средства во рамките можеби на овој период сега е битно да бидат 50%, а можеби и во некое време ќе се намали или пак уште ќе има потреба од нивно зголемување.

Лично јас подразбирам дека изворите на материјални средства кои се нудат во рамките на овој закон не се така големи и сега ако ги поделиме во рамките на 25%, тоа ништо не значи во однос на разрешување на станбеното прашање на оваа категорија граѓани.

Во тој контекст ги молам пратениците да го имаат предвид ова мое образложение, бидејќи се работи во интерес на онаа најкарактеристичан категорија граѓани кои се наоѓаат во една многу лоша материјална положба без никакви можности да дојдат до стан. Јас не зборувам за онаа средна категорија, која исто така заради немање кредити од банките, нерешен проблем во тој однос дека еден интелектуалец е доведен во ситуација да живее под кирија во една станбена зграда за која треба да плаќа 200 марки. Меѓутоа, сега зборувам за една посебна категорија, која државата се определила да ги дава одредени материјални средства заради низа околности и во .тој контекст мислам дека исправно е и за министерот и за Владата, па и за ова Собрание да го прифатиме овој амандман. Нема никаква популистичка да не кажам реклама на овој амандман освен практичниот аспект. Јас можам да направам вкупна анализа на состојбата во РМ да докажам дека има потреба од зголемување на материјални средства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Токму почитувајќи ја ситуацијата во која се наоѓа една одредена категорија на граѓани на РМ, во согласност со законот за социјална за-

штита токму Владата го прифати ова решение. Затоа таму е нагласено не 25%, туку најмалку е 25%. Може да биде и 90% тоа не е исклучено, меѓутоа се зависи од програмата за социјална заштита и од програмата која ќе се вклопи во програмата за финансирање на изградба и за одржување. Така, ако се гледа и во согласност и со амандман, кој што подоцна ќе го прифатам од ЗПК, овој момент во Републиката има околу 7.094 општествени станови неприватизирани. Бидејќи тој амандман ќе го прифатам даваме рок една година да го имаат станарското право согласно кое може да ги откупат становите. Бидејќи не го знаеме бројот на кои станови и колку ќе се продадат затоа ние не ја знаеме ни точната бројка да можеме да манипулираме кој ќе биде тој фонд на пари кој што можеме да го пласираме за изградба и одржување на становите. Затоа, го предложивме ова решение и најмалку 25%, кое што не е ограничено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, мислам дека со ова додатно образложение на министерот пред јавноста кажа дека овие средства можат да изнесуваат и до 90%, тоа значи дека е нешто попозитивно дури и од мојот амандман кој е поднесен тука како 50%, а јас го повлекувам мојот амандман. Сепак, се придржувам на вашето мислење дека и 90% ќе биде за социјално загрозените. Тоа е посебна благодарност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 и 4 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Тромбев.

Има збор г-дин Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Бидејќи кога го правевме овој закон, го правевме да биде компатибилен со законот за стопанисување со станбен и деловен просто на РМ и со Законот за социјална заштита. Бидејќи во Законот за стопанисување на станбен и деловен простор, член 5 последната алинеја е наведено дека може јавното претпријатие да ги субвенционира станарините, а согласно овој закон Владата носи уредба за постапка, начин и по- стапка за дефинирање на станови под закуп, тогаш во таа уредба ќе биде регулиран начинот што е предлог на овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави г-дин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, јас со амандманот го подигнав нивото на правото не викам факултативно, туку облигаторно. Во тој дел кога се држам на облигаторност на самиот член, практично, инсистирам без да се моноперира, се дава можност, може, дали итн. некој да одлучува, јас се определив тоа да биде императив, облигаторно на Владата да ги ослободува категорија на граѓани и тоа децидна категорија. Не се работи за широка категорија на социјални проблеми во РМ, се работи за корисници на основни таканаречени права на Законот за социјална заштита, која е многу помала категорија, меѓутоа од причини што ако веќе државата утврдила дека ова лице се наоѓа во лоша материјална положба, поради неспособност, старост, малолетност, самохраност итн., во тој контекст лично сметам дека Владата му дава на тоа лице 1.700 денари месечни средства, тогаш дали е на некој начин споредбено ако државата веќе му обезбедува 1.700 денари за егзистенција на тоа семејство, а закупнината изнесува 2.000 денари, тоа значи дека фак- тички ова лице нема никакви материјални можности тоа да го подмири.

VIII/8 .-

Во дадениот момент и вие како министерство и јавното претпријатие за деловен простор има сериозни проблеми околу наплатата баш на оваа категорија граѓани. Лично инсистирам од практичен аспект дека државата нема да пропадне, јас тврдам, меѓутоа ќе биде многу похумана ако во овој закон облигаторно каже дека оваа категорија на граѓани, кои користат такви и такви права, практично, ги обезбедуваат односно нема да учествуваат во партиципацијата. Во тој дел јас не се враќам на она не е тоа пазарна, секоја цивилизирана и организирана држава прав напори ова да го прифати, бидејќи даваш 1.700 денари, треба да наплатиш 2.000 денари. Од кога ќе наплатиш? Ние имаме и денес, јас ќе ви кажам најголем проблем на прекинување на електрична енергија на голем број социјални случаеви. Тоа е една општа експанзија. Сега се алудира ќе се прекинува водата итн. Ако ние овие животни потреби на граѓаните така ги правиме, тогаш што бараме од тој човек. Ќе живее или нема да живее.

Во тој контекст, молам, министре, да го прифатите овој амандман, бидејќи е во интерес на вашето министерство, на Владата, па и на идната влада. Јас планирам да биде владата ваша и во наредниот

период, за да си немате проблеми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Томе Тромбев:

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

На некој начин пак амандманот не го прифаќам , меѓутоа посредно тоа е прифатено и е регулирано со законот аз социјална заштита и со Законот за стопанисување на станбен и деловен простор на РМ. Не знам зошто инсистирате? Тоа ќе биде регулирано.

VIII/9 .-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 56 став 1 поднесен од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе. Г-дин Томе Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Како што и претходно најавив овој амандман го прифаќаме со оглед дека во овој момент во РМ има 7.094 станови кои што се носители на станарско право. Амандманот се однесува на тоа да се зголеми рокот за можност за купување на овие станови од 6 месеци на една година. Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Колку пратеници се присутни во салата? (57)

56 пратеници гласаа за.

Немаме можност да гласаме.

Уште еднаш предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за домување Предлагам пауза од еден час и тоа до 16,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,25 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на десеттата точка - Предлог на закон за празниците на Република Македонија.

Предлогот на закон, мислењето на Владата и Извештаите на Работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИКАБДИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Добро е што ние носиме таков закон.

Ние комисија, јас сум член на оваа комисија, на повеќе наврати разговаравме и за еден празник кој го слават Ромите, а се вика Хедерлес. Не се работи за верски празник, туку тоа е национален празник, уште од пра поставината, од Индија. Во сите земји тој се слави. Ако некој знае кај се наоѓа Чандиград, тоа е град во Индија. Таму постои Институт за ромски студии и од таму може да добие податоци итн. Но, без разлика дали овде е внесен или не е внесен, ние ќе си го славиме 4 дена. Затоа излегов овде на говорница, едноставно да кажам дека една мала неправда е направена спрема оваа националност. Еве да знаете, по тој повод доаѓа и нашата, кралица ли е што ли е, на 8,9,10,11 мај ќе ни биде гостинка Касандра.

Јас верувам понатаму ќе ја исправиме оваа грешка.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 7 и член 8, со кои се согласи предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Драгољуб Поповиќ, Звонко Каров, Милчо Трајков, Александар Јакимовски, Дане Милошевски, Димитрија Вревезовски, Благоја Силјановски, Бранко Арсовски и Мирко Трипуновски поднесоа амандман на член 2 став 2 по кои предлагачот не се произнел.

Пратениците Сапи Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими поднесоа амандман на член 2 став 1, за нови точки и на став 2 за додавање четири нови точки, член 4 став 1 точка 3 и на член 5 став 1 точка 1, по кои предлагачот не се произнел.

Пратениците Исмет Рамадани, Љупчо Поповски, Јован Лазаров и Абдурауф Пруси, поднесоа амандмани за менување на член 4, за бришење на член 5 и на член 6 по кои предлагачот не се произнел.

Отварам претрес по амандманот на член 2 став 1, за додавање две нови точки и на став 2 за додавање четири нови точки, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Александар Ивановски.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Не кореспондира со Законот за празниците ни во една точка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Даип некој друг бара збор?

Има збор господинот Сапи Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Вечерва уште една вистина.

Минатата среда околу 8 часот во Кичево, претседавачот на општина Осломеј и бившиот секретар на огранокот на нашата партија, ми се обрати, кога тргнав за Гостивар и Кичево, со зборовите: господине пратениче, за Гостивар или за Скопје. Му одговорив и во Гостивар и во Скопје. И навистина бев и на протестниот митинг и во Собранието на Република Македонија. Истото ми се случи и денес. Доаѓам од протестниот митинг. Еве ме и во Собранието.

Исто така, без никакви комплекси, ни инфериорни, ниту супериорни, туку објективно, точно, реално, како што е. Имено, бидејќи се очекува, една мала дигресија се извинувам, во секое време да дојде претседателот на Демократската партија на Албанците, поточно на коалицијата ДПА - НДП односно ПДПА - НДП, господинот пратеник Арбен Џафери, токму тука на оваа говорница, како што таксативно е предвидено во член 65 став 2 од Уставот на Република Македонија: " пратеникот оставката ја поднесува лично на седницата на Собранието". Затоа дојдов без никакви комплекси, па и кога сум сам, затоа што сам и сум се родил.

Четири дена чекав тука да дојдам и бев во канцеларија, требаше да дискутирам за толку важен закон како што беше Предлогот на законот за денационализација. Размислував подолго време, работев многу интензивно, најмалку месец дена, имав подготвено девет амандмани за пет до десет членови кои ги негирав со тие амандмани, а се на се има 80 членови, меѓутоа не дојдов

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дискутирајте за амандманот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не дојдов само поради тоа што очекував бурна расправа од 50 - 100 пратеници, но не беше интересна, ми останаа тие амандмани, таа расправа, но ќе се објави секако.

Сега кога веќе видов, следев од канцеларија, дека нема распара ни за овој толку важен закон, Законот за празниците во Република Македонија, за жал не стигнав, но расправата ќе ја доставам заедно со забелешките. Стигнав само да го бранам првиот амандман и ќе го бранам и те како.

Ние во членот 2 став 1 предлагаме да се додаде точка 4 која гласи:

-

28-ми ноември ден на независноста на националното знаме на Албанците. Додуша тоа треба да биде во оригиналот. Тоа од причини што Албанците од целиот свет го слават, од 1912 година, овој најголем празник.

Имено, да елаборирам зошто баш да биде еден од овие празници и 28-ми ноември 1912 година, после петтовековното ропство под Турската империја, Албанците повторно го истакнаа нивното национално знаме и прогласија независност.

Денот 28-ми ноември во историјата на Албанците од целиот свет се слави и како ден на националното знаме на Албанците. Тој е општо национален празник и се слави секоја година, не само во Република Албанија, туку и во Република Косово, во Република Македонија, во Црна Гора, Србија, во цела Европа, Америка итн., каде живеат Албанци, било тоа или таму каде што живее само еден Албанец. Овој ден треба да се прогласи за државен празник за да го слават слободно како таков Албанците и во Република Македонија. Додека Македонците и припадниците на другите национални колективитети, само ако сакаат. Тоа значи дека не мораат. Тоа зависи како се осеќаат другите тоа, а никако да им се наметнува. Тоа е нивна работа, тоа е нивна желба. Тој е првиот празник кој ние како пратеници го предлагаме.

Второ, во овој амандман, затоа што ќе требаше тука најмалку осум амандмани за осум празници кои ги предлагаме, па некако подобро беше затоа што се поврзани со исти член, став, итн., затоа рековме да не пишуваме осум пати за да излегуваме на говорница.

Во овој амандман во член 2 став 1, предлагаме да се додаде и точка 5 - " 10 јуни ден на Призренската Лига на Албанците." Овој празник исто така треба да се прогласи за државен празник, во прв ред за Албанците во Република Македонија.

Имено, тоа е сеопшта политичка партија на Албанците, со една заедничка национална програма и политичка платформа и организациона структура од локалните до централните органи, со една широка пропагандистичка и културна дејност, која се бореше за ослободување на Албанците од вековното Отоманско ропство.

IX/6

Призренската Лига на Албанците, од политичка и идеолошка гледна точка се подготвуваше едно десет години пред нејзиното основање, кога се осеќаше одјекот на ослободителните револуции на Европа и Балканот. Основањето на Призренската Лига на Албанците се поврза од појавувањето на источната криза седумдесеттите години, а посебно од Сан - Стефанскиот Договор од март месец 1878 година, т.н. Мировен Договор кој Царска Русија и ја наметна на Турција после нејзиниот пораз во Руско - Турската војна 1877 година. Со тоа Русија се обидуваше да придобие за себе најголемиот "профит", со претензии да ги доведува другите тогашни големи сили пред свршен чин. Неговата центрана точка беше основањето на една Голема Бугарија, во чии граници навлегоа и многу важни центри каде живееле Албанците, како што се: Тетово, Кичево, Гостивар, Дебар, Струга, Поградец, Корча итн. Тој договор им ги укинуваше катастрофално деловите каде што живееја Албанците, додека Црна Гора се прошируваше троструко и спрема Албанија со Услиц, Тивар, Буна, скоро целото Скадарско Езеро, со исклучок на самиот град Скадар, после Хот, Груда, Плава и Гуција. Србија се прошируваше до Приштинскиот Санџак, близу Митровица. Така со овој договор најголемиот дел од територијата на Албанците беше поделен помеѓу три Балкански земји.

За Македонија ни збор, што е посебна тема и на посебно место.

На овој договор му се спротивставија најостро другите големи тогашни сили, поради кои веднаш и се одржа Берлинскиот конгрес, 1878 година каде се собраа: Англија, Австро-Унгарија, Германија, Русија, Франција и Турција, за да се разгледаат последиците на Сан Стефанскиот Договор.

Најважниот документ на Берлинскиот Конгрес е Берлинскиот Договор кој е едини донесен акт на тогашната дипломатија, отворено во спротивност со националното начело за "поделба на плачката", после поразот на Отоманската империја. Австро-Унгарија ја зеде Босна и Херцеговина со право на " привремено окупирање", како и одржувањето на воените гарнизони во санџакот на Нови Пазар, каде живееле тогаш и Албанците. Англија ја зеде контролата над Кипар, со правото на "администрирање". На Русија и беа скратени многу придобивките.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дискутирајте за амандманот. Немојте овде да ни држите предавање од историјата.

Ве молам кратко и јасно кажете за амандманот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Предлагам празник, на тема сум, елаборирам зошто го предлагам овој празник. Тоа е една тема историска и научно - правна. Јас тука елаборирам осум празници. Треба осум пати да излезам на говорница. Токму сум на научна тема и нема мрдање. Ако некому не му одговара, нека преземе други мерки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа на научна трибина, Ве молам. Овде дискутирајте за амандманот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Немојте веќе да ме прекинувате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас за тоа сум тука да ја водам седницата.

IX/8

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ако Ви е тешко што дојдов на седница, што немам комплекси, тоа е ваша работа. Вие не сте го очекувале тоа. Знам колку пати беше и одлагана таа точка, а се знае и зошто. Ве молам, амандманите Ви се поделени и Ве молам оставете ме да дискутирам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За амандманот произнесете се.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Точно за амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема врска тоа со амандманот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Значи Албанците беа поделени на два дела, освен Бугарската провинција, која остануваше како една вазална држава, номинално зависна од Турција со основање на Источна Румелија, како една автономна провинција со еден гувернер именуван од Високата Порта (Турција).

Прашањето на Албанците во овој амандман, затоа го предлагам, како такво ниту беше дискутабилно на Берлинскиот Конгрес. За македонското исто така ни збор.

Ќе ја приложам дискусијата односно дел, знам дека Ви е тешко се работи попладне и ќе поминам на другиот празник кој го предлагам. Во амандманот стои и тоа.

Трет празник.

Во член 1 став 2, предлагаме да се додадат шест точки, заеднички празник, роденден и ден на смртта на Александар Македонски.

Дали ми дозволувате да образложам зошто го предлагам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не треба.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Во член 2 точка 4 која гласи предлагаме - заеднички празник, роденден и ден на смртта на Скендер Бег.

Дали ми дозволувате да го образложам. (Не треба).

Добро ќе го приложам и тоа.

Во членот 2 став 2, значи петтиот празник, интервенираме во овој дел на амандманот и со точка пет која гласи:" 7-ми март ден на учителот, првото училиште на Албанците.

Ми давате можност да кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не.

САЛИ РАМАДАНИ:

Шести празник, во истиот член и истиот став предлагаме да се додаде и точка 6: "24 -ти август ден на роденденот на Светската мајка Тереза."

Може ли да го елаборирам?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Како седми претпоследен празник прелагаме да се признава како празник на Република Македонија - меѓународниот ден на половината на

човековото битие и најнежниот пол, 8-ми март, за кој исто така не треба да се наведува повеќе, туку само да се потсетиме.

Ми давате ли можност да елаборирам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

На крајот, осмиот празник, на сето тоа можевме да поднесеме осум посебни амандмани, во членот 2 став 2. Предлагаме да се додаде и точка 8 која гласи:" 27 - ми март ден на децата и младината."

Ми давате ли можност да го елаборирам?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Благодарам.

Ја имам дискусијата, во која го имам напишано поголемиот дел и ја приложувам како составен дел на стенографските белешки.

(Прилог).

Сали Рамадани:
ЗАКОН ЗА ПРАЗНЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
(Поопширно образложение)
АМАНДМАН 1 : чл.2 ст.1 и ст.2.

Ние во членот 2 ст. предлагаме да се додава точка 4 која гласи:
1. 28 Ноември - Ден на Независноста и Националното знаме на Албанците". Додуша, тоа треба да биде во оригинал, од перчини што Албанците од целиот свет го слават од 1912 година овој најголем празник со името: "28 Нентори - Дита е Фламурит дхе е Шпалјес се Паваресисе". Имено, на 28 Ноември 1912 година, после петовековното ропство под турската империја, Албанците повторно го истакнаа нивното национално знаме и прогласија независност. Денот 28 Ноември во историјата на Албанците од целиот свет се слави и како ден на Националното знаме на Албанците. Тој е општнационален празник и се слави секоја година не само во Република Албанија. туку и во Република Косово, во Република Македонија,во Црна Гора, Србија,во цела Европа, Америка и т.н. каде живеат Албанци, било тоа и таму каде што живее само еден Албанец! Овој ден треба да се прогласи за државен празник, за да го слават слободно како таков Албанците и во Р.М. Додека Македонците и припадниците на другите национални колективитети,само ако сакаат, тоа значи дека не мораат. Тоа зависи како го осеќаат другите тоа а никако да им се наметнува. Тоа е нивна ствар, тоа е нивна желба.
2. Во овој амандман во чл. 2 ст.1 предлагаме да се додава и точка 5: " 10 јуни - Ден на Призренската Лига на Албанците".

Овој исто така треба да се прогласи за државен празник, во прв ред за Албанците и во Р.М.

Имено, Тоа е сеопшта политичка партија на Албанците со една заедничка национална програма и политичка платформа и организациона структура од локалните до централните органи со една широка пропагандистичка и културна дејност, која се бореше за ослободување на Албанците од вековното отоманско ропство.

Призренска Лига на Албанците, од политичка и идеолошка гледна точка се припремаше едно десет години пред нејзиното оснивање, кога се осеќаше одјекот на ослободителните револуции на Европа и Балканот. Оснивањето на Призренската Лига на Албанците се побрза од појавувањето на источната криза седумдесеттите години, а посебно од Сан Стфенаскиот Договор од март месец 1878 година, т.н. мировен договор, кој Царската Русија и ја наметне на Турција после нејзиниот пораз во русо-турската војна (1877 г.).Со тоа Русија се обидуваше да

придобива за себе најголемиот "профит", со претензии да ги доведува другите тогашни големи сили пред свршен чин. Негова централна точка беше основањето на една Голема Бугарија,во чии граници навлегоа и многу важни центри каде живееле и Албанците како што се и Тетова, Ќерчова, Гостивари, Дибра, Струга, Поградеци, Корча и т.н. Тој договор им ги укинуваше катастрофално деловите каде живееле Албанците, додека Црна Гора се проширувaше тростуко и према Албанија, со Улцињ, Тивар, Буна, скоро целото Скадарско Езеро, со исклучок на самиот град Шкодра, после Хот, Груда, Плава и Гуциа. Србија се проширувaше до Приштинскиот санџак близу Митровица така со овој договор поголемиот дел на територијата на Албанците беше поделен помеѓу три балкански земји.

За Македонија ни збор, што е посебна тема на посебно место!

На овој Договор му се спротиставија најостро другите големи тогашни сили, поради кој веднаш и се одржа и Берлинскиот Конгрес во јуни 1978 година. каде се собраја: Англија, Австро-унгарска, Германија, Русија, Франција и Турција за да се разгледаат последиците на Свети Стефанскиот Договор.

Најважниот документ на Берлинскиот Конгрес е Берлинскиот Договор кој е едини донесен акт на тогашната дипломација: отворено во спротивност со националното начело за "поделба на плачката" после поразот на Отоманската Империја. Аустро-унгарија ја зеде Босна и Херцеговина со право на "привремено окупирање", како и одржувањето на војните гарнизони во санџакот на Нови Пазар,каде живееле и Албанците. Англија ја зеде контролата над Кипар со правото на "администрирање". На Русија и беа скратени многу придобивките. "Голема Бугарија", каде беа и некои места на Албанците, се делеше на два дела, сем Бугарската провинција која остануваше како една вазална држава номинално зависна од Турција, се оснивaше и Источна Румелија, како една автономна провинција со еден гувернер именован од Високата Порта(Турција).

Прашањето на Албанците како такво, нити беше дискутирано на Берлинскиот Конгрес. За македонското исто така ни збор!

Призренската Лига на Албанците и нејзините ограноци му се обратија неколку пати со разни меморандуми(Скадарскиот, Истанбулскиот Меморандум од јуни 1878 г.)

Само во Протоколот бр.13 (втор дел) се зборуваше за "привилегиите И слободите" на католичката популација на Мирдита, "познати од древноста" (аб антиљуо) како "автономија" на Мирдита) Ова беше иницирано од Франција и Австро-Унгарија кои предендирале секоја за себе правото на "протекторатот на култот" над католичката популација во границите на Отоманската Империја. "Автономијата" на Мирдита се базираше на провинцискиот и верскиот критериј, де фацто беше негирање на автономијта на Албанците во нивната целина.

Србија земаше према Југ неколку места со албанска популација во Врање, Ниш и т.н. до во близината на Гњилане.

Црна Гора земаше Плава и Гусија и добиваше право на пловидба над Буна и над Скадарското Езеро.

Берлинскиот Конгрес го постави и прашањето на повторното разгледување на границата со Грција преку југ, што требаше да се разрешува со Турско-грчките билететарални разговори над основата на граничната линија над реката Селемвриа во Тхесалија и реката Каламас во Јанинскиот вилајет. Оваа препорака се употребуваше од страна на грчката влада за да го поставува барањата кои ја ризикувале албанската провинција на Чамерија.

На овие погрешни, антиисториски и тенденциозни заклучоци им се суптотставуваше на најенергичен начин Призренската Лига на Албанците, која ја пролонгираше источната криза неколку години, бидејќи беше толку цврсто организирана да не дозволуваше да се спроведуваат заклучоците на Берлинскиот Конгрес (А.Пу.-ФЕШ)

Призренската Лига на Албанците беше основана на 10 јуни 1978 година од страна на Кувенди Комбетар и Призренит (Националниот Парламент на Призрен), во кои учествуваа претставници од сите места на Албанците. Таа ги избра нејзините високи органи: Ќешилин е Перѓитхшем (Генералниот Совет) со легислативни, т.е. законодавни функции и Комитети Ќендрор (Централниот Комитет) со егзекутивни, т. е. извршни функции. На 17. Јуни 1878 г. се донесе статутот на Призренската лига на Албанците ("Кararname") и "Урдхреса"-"Талимат" (Наредба) Генералниот Совет на 2. јули 1878 г. донесе еден "Канун те ри" (Нов Канун) пречистен од изразите за "лојалност према Отоманското Царство" на Кararnamea, со кое се дојде до една полна победа на Левизја Комбетаре (националното движење во составот на Призренската Лига на Албанците.

Призренската Лига на Албанците имаше едно големо значење и за другите поробени народи на Балканот, во прв ред и за Македонците, затоа ако случајно не им се познати овие придобивки и не ги осеќаат и како свои или блиски, со вината на познатите ОКОЛНСФЈИ, тогаш да им се радуваат на Албанците и да им го честитаат и овој празник, а овие последните да го слават слободно, било тоа и сами.

Додека во чл1 ст.2 предлагаме да се додаваат шест точки:

1. " Заеднички празник - Роденден и Ден на смртта на Александар Македонски".

Јас во една друга прилика предложив да се воведува во Р.М. за заслуги и орденот "Лека и Мадх" односно "Александар Македонски" , но, за жал, од многу неоправдани причини тоа не беше прифатено!

Предлагањето да се признава како еден од најважните празници на Република Македонија, роденденот и денот на смртта на една таква светска личност, како што е Лека и Мадх, за Албанците, Александар Македонски за Македонците, Александер Магнус за Грците, Александар Велики за Србите и т.н. е едно општоприфатено,познато и признато име, без никаква приредба.

Имено, Лека и мадх односно Александар Македонски ( 356-323 година пред нашата ера, крал на Македонија од година 336-323 п.н.е.,наречен и Лека и

Мадх, Александари и Мадх, Александар Големи беше син на Филип!! и на епиротската принцеза Олимпиа ( 375-316 п.н.е.), која го едуцираше со еден цврст карактер.

Образованието го доби од големиот филозоф Аристотел и се припрема како војник во една серија на војни. После убиството на неговиот татко Филип 11,336 г.п.н.е. ја зеде власта во Македонија и беше избран за врховен командант на грчките сили против Персија. Превзеде една кампања во Северна Македонија 335 г.. кога го опколи и илирскиот град Пелион во десаретската провинција близу реката Еордаи (Девол), кој беше како центар на востанието на источната илирска провинција, раководена од кралот Клит против македонската владавина 335 г. на чело со кралот Александар, на кој отпрво му се супротстави многу успешно и го порази за време на првиот напад, меѓутоа на вториот, Александар го изненади и од кога го запали градот, Клит беше принуден и да го напушти.

Година 334 п.н.е. Александар ја започна кампањата против персиската империја, која ја порази и формираше една широка империја која се наоѓаше од земјите на македонското кралство во Европа до реката Инд во Азија и Нил во Африка.

Експедициите, усвојувањата и проширувањата на Лека и Мадх односно Александар Македонски во историјата, а посебно во државно- правната историја, во теоријата и практиката, се оценуваат како позитивни чекори во проширувањето на културните благи на антика и Аристотел, не само во Европа,туку и во Азија и Африка.

Поради овие причини, сосема е наместо да се припаѓа и овој дел од нашиот амандман, додека во спротивно...

2. Во чл.2 ст. предлагаме и точка 4 која гласи: " Заеднички празник - Роденден и Ден на смртта на Скендербег "Ѓерѓ Кастриоти - Скендербеу ( 1405-17.01.1468) е најголемиот национален јунак,легендарен херој на Албанскиот народ воопшто,а и пошироко. За неговиот живот и дело се напишани околу 2000 книги на повеќе од 100 светски јазици, почнувајќи од првото дело на еден од најголемите хуманисти од средниот век и неговиот современик Марин Барлети (1460-1512)на латински јазик:

"Хисториа де вита ет ребус гестис Скандербеги" (Хисториа е јетес дхе е те бемаве те Скендербеут односно Историјата на животот и делата л на Скендербег, рим помеѓу 1508 и 1510 година), така да тука само накратко едно малку пошироко образложение.

Имено, Скендербег, не само што се бореше со една таква мала војска на Албанците од 10-12.000 против една многупати поголема каква што беше онаа на Турската Империја од 60-200.000 и многу пати по опремена, туку за цел еден четврт век на непрестано војување немаше ниту еден пораз до крајот на животот и со тоа ја бранеше и Европската цивилизација, за која доби и неколку светски признанија.

Скендербег од кога ја ослободи на триумфален начин неговото седиште Круја,на 28. Ноември 1443 година по втор пат го истакна Националното Знаме на Албанците со двоглавиот црниот орел и црвеното поле, кое потоа стана историско знаме на борците за национално ослободување на Албанците.

После оваа висока победа, отпочна острите контра напад на османлиските војски, кои поаѓале од нивните големи бази на портите на албанските земји, во Охрид, Манастир (Битола), Костур и Шкуп ( Скопје), со се поголеми сили, со организирани експедиции секоја година...

Најактуелна задача, за организирање на најефективна одбрана на земјата беше закажувањето и одржувањето на Кувенди и Лежес (Собранието на Ј1ежа),на 2.03.1444 година и основањето на една сеалбанска лига (Беселидхја) на албанските владари како политички орган и основањето на една војна благајна за одржување на заедничката војска на Лигата

На чело на Лидхја е Лежес (Лига на Лежа), како петседател и Врховен командант, кој друг, него Скендебег, кој победи непрекидно над Турскиот цар Мурат II и неговиот син Мехмет II.

Со една стратегија на активна одбрана, применувајќи си го начелото: "брани се преку напаѓање", Скендербег постигна одлични резултати,со една релативна мала војска, спроведувајќи си го во живот неговото начело: "дека кој не е во состојба да го порази непријателот со една војска од 10-12.000, не ќе можеше да го направи тоа ниту и со една многуструко поголема војска".

Со овие сили, албанската команда постигна десесетини победи против отоманската војска, полошкото, дебарското, охридското и домосдовското поле, те долините на Дрин и Шкумбин, посебно во годините 144-1448, 1450- 56,1462-65, полето на Уји и Бардх (1457), на Ливадхија, близу Охрид (1462), Вајкали (1465) и т. н., Скендербег имаше одлучни победи...

Скендербег до 1450 година сакаше да биде близок не само со капеданите,високите офицери и генералите,туку и со обичните војници. Но, кога некои од принцевите, како што се Арианитите, Музаките и Дукаѓините, иако и родбински поврзани, дојдоа до некои помали конфликти, а посебно кога му стана предавник генералот Моиси Дибрани (1456 г.), па дури и Хамза Кастриоти ( внук,али од албанско-турско потекло), 1457 г., превзеде поостри мерки дури и смртни казни, а знаеше и да им опрости за општа национална ствар, како што беше случајот и со овие двајцата последните!

Иако ја бранеше и Европската цивилизација од понатамошната турска инвазија и му ветија војна и финансиска помош многу кралеви на неколку европски земји, не само скоро ништо не испунија, туку позади леѓа се служија и со разни интриги и тајни договори, меѓутоа Скендербег ги приметуваше на време и превземаше соодветни мерки.

И поради овие, многу накратко,изнесени причини, и овој дел од овој амандман треба да се прифаќа,било тоа како заеднички празник за сите граѓани на Р.М., а секако за Албанците,кои и така го слават со децении со разни манифестации,вклучувајќи си ги и научните национални и интернационални симпозии.

Во членот 2 ст.2 интервенираме во овој дел на амандманот и со точка 5 која гласи:
" 7 Март - Ден на Учителот-првото училиште на Албанциите".

Овој е многу омилен празник на сите учители и ученици Албанци во целиот свет. Се слави од 1969 г., во знак на спомен на основањето на првото "Месоњеторе Шќипе" на Корча на 7. Март 1887 г. Овој празник служи за проценување на најдобрите традиции на националното албанско училиште, На почитуваната личност на учителот и на сите работници во образованието, како воспитувачи на младото поколение и другите активности... и да не должам...

Во истиот член и став, предлагаме да се додава и точка 6:

" 24 Август - Ден на родењето на Светската Мајка Тереза".

Ова е многу актуелно и не треба никакво поопширно образложение,иако има многу што да се каже. За тоа постојат и неколку книги и на албански, италиански и други јазици,на еден не меѓу, туку, најблискиот соработник и пријател од целиот свет,како што е Др Луш Ѓерѓи: "Нена јоне Терезе" (Наша Мајка Тереза" ("Дрита" Феризај-Урошевц и "Кршќанска садашњост" -Загреб, 1990 г., на италиански во 4 милиони примероци и т.н.

Само едно треба да се потенцира: Предлагаме да се слави само роден денот на Нена - Мајка, Мута, Ла мер, Модхер Тереза, а не и денот на нејзината смрт, од причини што сметаме дека Светската Мајка е бесмртна!

Со Мајка Тереза, Албанците од целиот свет се гордеат што е од албанско потекло, додека Македонците што е родена и најубавите години од животот ги поминала во Шкуп - Скопје!

Како претпоследен празник го предлагаме да се признава како празник на Р.М., меѓународниот ден на половината на човековото битие и најнежниот пол - 8 Март, за кого исто така не треба да се наведува повеќе, туку само да се потсетиме, дека во 1910 година се собрале во Копенхаген (Данска) на чело со Клара Цеткин, 100 жени претставнички од неколку европски земји и САД, кога се одлучи да овој ден да се слави секоја година како меѓународен ден на жените, како празник од политички карактер. Овој ден се определи по повод 8 март 1857 година, кога вешепрањките на Њујорк протестирале за нивните права, против угнетувањето и зверскака експлоатација која им се нанесуваше ним и на нивните деца на работа. Некои од нивните барања беа: Десет часовно работно време, подобрување на работните услови и еднакви надници со мажите.

И на крајот, бидејќи за сето ова можевме да поднесуваме осум посебни амандмани, во членот 2 ст.2 предлагаме да се додава и точка 8 која гласи:

" 21 Март - Ден на Децата и Младината".

Иако 1 јуни е Меѓународен ден на грижата за децата,што може да се слави и овој ден, бидејќи 1949 г. Меѓународната Демократска Федерација на Жените, како ден за мобилизирање на светската јавност за заштита на децата од војната опасност, за заштита на нивното здравје, за да им се обезбедува на децата едукција и демократско образование, дека се слави во многу земји од 1950 година, бидејќи и младината треба да има свој ден,свој празник и бидејќи

младоста се поврзува симболично со пролетта, се определивме вака за еден заеднички празник. Толку. Благодарам - Тунгатјета!

Предлог на закон за празниците на Р.М.: Амандман II: чл. 4 ст.1 т.1 и 2:

Сем тоа што е напишано во краткото образложение со една едина реченица дека ова се предлага од економски,рационални и формални причини, треба да се додава само и ова поконкретно:не смета ништо да се слават и верските празници за сите граѓани во Р.М., но, бидејќи обредите се разликуваат многу, бидејќи постојат голем број на верски празници и да не се губи многу време, не било лошо секој да ги слави своите празници, како неработни денови за да не се дојде уште до поголема беда од оваа.

Благодарам - Тунгатјета!

Предлог на закон за празниците на Р.М.: АМАНДМАНIII: чл.5 ст.1 т.1:

(Поопширно образложение)

Овој амандман е поврзан на некој начин со претходниот, дека припадниците на разните вероисповести можат да ги слават нивните верски празници и одвоено, но со таа разлика поради специфичности нивни, секој како му е вообичаено.

Меѓутоа, во серијата на дискриминаторските закони кои се донесени во овој парламент, и овој за празниците ги повторува истите грешки.

Така, додека Божиќ и Вели^ен во членот 4 се предлагаат како празници толку колку траат и се неработни денови за сите граѓани на Р.М., во членот 5 се слават по еден ден Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам и тоа само за, како што се вели, цитирам" Верниците на муслиманската вероисповест"?!

Тоа е чиста дискриминација, понижување и што се не за сите муслимани од една страна., а од друга, Рамазан Бајрам трае три дена, сите се од еднаква важност и се слават нормално, додека Курбан Бајрам нормално трае 7 дена, фактички се слави исто така три до пет дена, а ние предложивме една средна солуција, која би требало да се прифаќа, а за три дена веќе да не зборуваме! Јас да бев предлагач би се однесувал поинаку!

Благодарам-Тунгатјета!

(ПРИЛОГ)

**САЛИ РАМАДАНИ:**

87-та седница на Собранието на Република Македонија Предлог на закон за празниците на Република Македонија.

Прв дел: Иако после слабата расправа во врска со предлогот за донесување на законот за празниците на РМ на 76-та седница на Собранието на РМ, одржана на 25 септември 1997 година, овој законодавен дом го усвојуваше овој предлог и му наложи на предлагачот да изготви Предлог на закон, "при што ќе има предвид" и "укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ" и тн јас бев, не само прв, туку скоро и едини пратеник кој дискутирав и за овој законски проект, делумно се согласив и го поддржав со некои многу сериозни, научно-правни сугестии и забелешки , за време на подготвувањето на конечниот текст, дека "има недостатоци. Најверојатно во втората фаза ќе биде подотеран, подобар, поефиксен, пооформен закон".

За некои државни и други празници се пролонгирав афирмативно, за некои други ја изразив мојата алтернатива, како сомнителни и дискутабилни, додека предложив во конечниот текст да се утврдуваат и некои други. Меѓутоа, овие предлози не се земени предвид од страна на предлагачот и како таков Предлогот на законот за празниците на РМ скоро се идентичен во првата фаза.

Втор дел: Предлагачот на овој законски проект го побарај и мислењето на неколку институции и две министерства. Меѓутоа, зачудува фактот што за недостаток и на само еден академик - албанец! не го побарал мислењето на Универзитетот во Тетово, на албанолошка-та катедра при Филолошкиот факултет на Скопскиот универзитет, на здружението на писателите албанци чии член и еден од најактивните и најквалитетните сум јас, на Здружението на наставниците албанци "Naim Frasheri" или пак на Академијата на науките на Република Албанија, барем

2.-

на еден од осумте универзитети на Република Албанија, на Академијата на науките и уметностите на Република Косово, на Приштинскиот универзитет на албански јазик, на албанолошкиот институт во Приштина, чии надворешен, еден од најактивните и наградуван, сум и јас со многу објавени трудови во неколку книги, Универзитетот на албански јазик во Женева, од неколку катедри за албански јазик во Италија, Германија, Франција, Руската Федерација и тн.

Од бараните и дадените мислења не ме зачудува што за некои од најважните празници на албанците не се прононцирал Министерството за правда на владејачката партија но да не го направи тоа Министерството за труд и социјална политика , на чие чело се наоѓа коалиционен партнер од албанско потекло, тоа е без логика, бидејќи претходно во даденото мислење чија содржина не ми е позната уште, ќе требаше да се наведуваат барем некои исти или слични празници кои ги предложивме ние во нашите амандмани.

Трет дел: Мојата дискусија околу предлогот за донесување на овој закон важи скоро во целина и може да биде составен дел на стенографските белешки, а од друга страна имаме поднесено соодветни амандмани со кои интервенираме со соодветно образложени

X/1/JM/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од пратениците Драгољуб Поповиќ, Звонко Каров, Милчо Трајков, Александар Јакимовски, Дане Милошевски Димитар Вревезовски, Благој Силјановски Бранко Арсовски и Мирко Трипуновски.

Го молам предлагачот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4, поднесе од пратениците Исмет Рамадани, Љупчо Поповски, Јован Лазаров и Абдурауф Пруси.

Го молам предлагачот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 точка 3, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Молам предлагачот на законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

X/2.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Еве амандмани кои немаат врска со националните, но имаат со верските празници. Да не излегувам двапати, значи се тоа ќе ги поврзува тоа не некој начин и малку од тоа што е напишано поопширно образложение. Овој амандман некако е поврзан со претходниот дека празниците на разните вероисповести можат да ги слават нивните верски празници и одвоено. Но со тоа таа разлика поради специфичностите нивни секој како му е вообичаено. Меѓутоа, во серијата на дискриминаторските закони кои се донесени во овој парламент и овој за празниците ги повторува истите грешки. Така, додека Божиќ и Велигден во членот 4 се предлагаат како празници толку колку траат и се неработни денови за сите граѓани на Република Македонија, во членот 5 се слават по еден ден, Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам и тоа само за како што се вели цитирам: "за верниците на муслиман- ската вероисповест". Тоа е чиста дискриминација, понижување и што се не за сите муслимани од една страна, а од друга страна Рамазан Бајрам трае три дена. Сите се од еднаква важност и се слават нормално. Додека Курбан Бајрам трае дури се слави седум дена фактички се слави и сто така три до пет дена а ние предложивме една средна солуција која би требало да се прифати, а за три дена веќе да не зборуваме. Јас да бев предлагач би се однесувал поинаку со овие верски празници.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Изгледа г-динот претходник го читал законот, но не ги следел и амандманите. Усвоениот амандман пред овој амандман нема никаква дискриминација, туку обратно, а јас го прифатив со тоа неговиот коментар што го даде на член 5, а сега ќе чуете, бидејќи тој не го прочитал дека нема никаква дискриминација, туку празници

односно верските празници предложени во законот во член 4 и член 5 со амандманот од пратениците од претходниот усвоен амандман се изедначени,ама апсолутно нема никаква дискриминација. Обидот за дискриминација е од претходникот кој се обиде да направи таква работа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика на г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тоа е ваш договор, тоа е ваша комбинација за едно мало отстапување. Меѓутоа јас барам Рамазан Бајрам да се слави три дена и Курбан Бајрам пет дена,а под три дена никако. И така муслиманите ги слават тие празници и така не одат на работа и така цел ден честитаат одат на гробишта и ваму таму. Значи, тоа е. Не е дискриминацијата во тоа што вие мислите, туку во времетраењето на тие празници. Значи тоа, толку се слави и толку треба да се признае и так овој закон нема да се почитува и така ќе се слави и понатаму било да е Курбан Бајрам или Рамазан Бајрам. Тука е нашата несогласност. Ништо повеќе.
АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:

Не станува збор за славење. Во законот во член 4 стои празнување и неработни денови за сите верски празници од сите вероисповести во Република Македонија и сите се подеднакво, а дали некој ќе слави 10 или 20 дена, или колку што е по религијата тоа по определба на нивната религија. Во законот за празниците на Република Македонија и за неработни денови како што е напишано во првиот член на законот така е и постапено. Повеќе од тоа нема. И затоа с јавив по втор пат, за трет пат немам намера да се јавувам не за да му објаснувам на пратеникот, туку да објаснам на тие кои слушаат дека нема никаква дискриминација во однос на празнувањата на верските празници во оваа држава.

Х/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Г-дине пратениче извинете, јас прво треба да ве научам македонски јазик, а потоа да бранам амандман. Јас барам значи имам право да предлагам како пратеник амандман да се слави три дена Рамазан Бајрам и пет дена, а најмалку пет дена Курбан Бајрам. Јас тоа го барам. Во однос на другите празници кои се слават толку а јас немам за тие празници амандман. Значи ова е дискриминација затоа што и така ќе се слави. Јас барам да се прифати како одговара на стварноста, значи колку трае тој празник а вие како предлагач сте должни да кажете или тоа ви го признаваме како што е вообичаено кај нас муслиманите или не се согласувам, ви го скратувам. Тоа е недоразбирањето меѓу нас двајцата пратеници, а не за тоа што вие сте предвиделе. Тоа е друга работа, туку времетраењето на празниците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (еден пратеник)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.-

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Љупчо Поповски, Јован Лазаров и Абдурауф Пруси.

Молам, предлагачот на законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на плен 5 став 1 точка 1, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибрахими.

Го молам предлагачот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, а коментар дадов во претходниот амандман.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Амандманот не го прифаќате вие, меѓутоа го прифатив јас и коментарот исто така го дадов за време на претходниот амандман. Значи тој празник ќе се слави толку колку што јас предлагам. Тоа не е м ој предлог туку тоа е вообичаено и така напишано кај муслиманите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Љупчо Поповски, и Абдурауф Пруси и Јован Лазаров.

Молам предлагачот на законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

X/6.-

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеника гласаа за.

Дали некој има против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за празниците на Република Македонија.

Минуваме на точката 11. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата на РМ, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**ДУШАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници се работи за измена на законот за црвен крст кој што овде беше доста елабориран како предлог за донесување на закон. Мислам дека се она што беше овде речено низ дискусиите кога се расправаше за предлог за донесување на закон се изменети во членот бидејќи имаме и позитивно мислење од Владата, а исто така и од Законодавно-правната комисија предлагам законот да го усвоиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор? го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

X/7.-

Дали некој бар аз бор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучува претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за црвениот крст на Република Македонија.

Минуваме на точката 12. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Кралството Шведска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам , кој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Кралството Шведска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

63 пратеници.

Дали има некој против?(Нема)

Воздржан нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

X/8.-

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

Воздржан никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали некој има против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за Ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Кралството Шведска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

минуваме на точката 13. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и владата на Кралството Данска за взаемна соработка во царинските работи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот, и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

X/ 9. -

Отворам претрес по Предлогот з а донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска за взаемна соработка во царинските работи.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

63 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака?

63 пратеници.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

X/10 . -

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска за взаемна соработка во царинските работи.

Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Украина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход и на капитал со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон .

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Украина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход и на капи-тал.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предложениот заклучок,молам да крене рака? 61 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам , кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам предлогот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Не)

Воздржан? (Не)

констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Украина за одбегнување на двојното одданочување за заштита од фискална елазија по однос на даноците од доход и на капитал.

Минуваме на точката 15 -Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Украина за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени однос- но поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договор меѓу Владата на РМ и Владата на Украина за поттикнување и замена заштита на инвестициите.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласаше? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Украина за поттикнување и заемна заштита на инвестициите.

Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Руската федерација за соработка и заемна помош во царинските работи со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

XI/4.-

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Ришката федерација за соработка и взаемна помош во царинските работи.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Пред- логот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација меѓу Владата на РМ и Владата на Руската Федерација за соработка и взаемна помош со царинските работи.

Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и француската Влада во врска со меѓународниот патен превоз на стоки, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и француската Влада во врска со меѓународниот патен превоз на стоки.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 61)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Француската Влада во врска со меѓународниот патен превоз на стоки.

Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна, образовна , научна и техничка соработка меѓу Македонската Влада и француската Влада , со Пред- лог на закон.

Предлогот за донесување на закон , со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно доделени.

XI/7.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна, образовна, научна и техничка соработка меѓу Македонската Влада и Француската Влада .

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за културна, образовна , научна и теденичка соработка меѓу Македонската Влада и француската Влада.

Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на закон за ратификација помеѓу Владата на РМ и Владата на Република Словенија за враќање на лица чие влегување или престој е во спротивност со важечките прописи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието , Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара  збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Словенија за враќање на лица чие влегување и престој е во спротивност со важечките прописи.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Не)

дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Словенија за враќање на лица чие влегување или престој е во спротивност со важечките прописи.

Минуваме на точка 20 -предлог за Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, образованието, науката помеѓу Македонската Влада и Владата на италијанската Република , со Предлог на закон.

XI/10 , .

Предлог на донесување на закон , со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, образованието и науката помеѓу Македонската Влада и Владата на Италијанската Република.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува; од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема9

Дали некој се воздржува; од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

XI/11.-

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Фали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, образованието и науката помеѓу Македонската Влада и Владата на Италијанската република.

Минуваме на точката 21 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за соработка во областа на културата и образованието со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу македонската Влада и Владата на Република Полска за соработка во областа на културата и образованието

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам , кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за соработка во обласста на културата и образованието.

XI/13.-

Минуваме на точка 22 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за обележување на пластични експлозиви со цел за нивно откривање, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за одбележување на пластични експлозиви, со цел за нивно откривање.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Колку пратеници има во салата.

61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали некој има против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за обележување на пластични експлозиви со цел за нивно откривање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме ва точката 2 3- Предлог за донесување на зако1 за изменување и дополнував>е на Законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието и мислењата на Владата Ви се доставени однос поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Бранко Арсовски предлагач на законот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо, почитувани колеги,

Ќе направам напори да бидам краток бидејќи долго време работиме и со цел да работиме поефективно и порационално и јас ќе бидам порационален во овој дел.

Мислам дека се работи за еден суштински закон , се работи за изменување и дополнување на Законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и за начин на исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните донесен уште 1993 година. Од тогаш правени се напори да се изврши некое дополнување на самиот закон. Мислам дека ќе бидеме коректни да се сослушаме.

Најверојатно сите пратеници би биле заинтересирани за Предлогот на измените на законот. Се работи за оние граѓани на кои им се заробени нивните девизи во банките и не се во можност да ги користат за егзистенцијални потреби. Морам однапред да ви кажам дека

правам голема диференцијација во однос на правата и на граѓаните кои треба да го користат ова право.

Прво, сметам дека ова се однесува исклучиво на граѓани кои не можат да користат други права според член 8 од Законот, а се работи за оние кои неможат да купат земја, кои не работат бизнис, кои на некој начин неможат да ги платат царинските давачи и тн., туку исклучиво за оние кои се врзани за 100 германски марки за денарска противредност за егзистенција на самото семејство.

Моите анализи покажуваат дека оваа категорија на граѓани се доведуваат во нерамноправни граѓани во РМ во однос на сите граѓани, гледајќи во тоа дека и оние граѓани кои користат одредени социјални помошти, социјално право, правото на таа категорија граѓа- ни е пониско и од социјалното ниво. Ако еден граѓанин има максимално користење на 4.200 денари максимум на социјална помош, ова лице има свои средства во банка практично е доведено во ситуација да користи средства испод овој минимум. Што е потрагично заради тоа што ги имаат таквите средства како имот не се во можност да ги користат социјалните давања во однос на она што државата ги има регулирано со законски прописи. Во тој контекст не случајно сега вршам едно мало повлекување во однос на овој закон, а тоа значи 100 германски марки да бидат зголемени за уште 100, тоа да значи 200 марки од аспект што јавните давачки на овие корисници на граѓани се поголеми во однос на она што треба да го користат.

Само да споменам неколку. Само надомест на електрична енергија изнесува 2.500 до 3.000 денари по семејство. Значи, давачки во однос на користење на вода, плаќање на таканаречена градска рента, и тн, сето тоа што претставува како обврска на граѓанинот излегува повеќе од 5.200 денари . Само тоа да го исполнува, а камо ли сега она што значи егзистенција на самото семејство и тн. Во тој контекст мислам дека

вршам една мала корекција од 100 на 200 германски марки и сметам дека е реално во овие услови државата да преземе нешто да се корегира, заради тоа што оваа категорија е најпогодена категорија на граѓани и обесправена, ако може така да се каже бидејќи ние ги ограничивме правата со одредени социјални закони, а во меѓувреме и тоа право за да неможе да ги подмири своите обврски.

Вториот дел каде реагирам во самиот закон е за користење на средства за царини.

Практично, во државата, морам да признам дека има одредени изигрувања. Нашиот граѓанин кој треба да ги користи тие 1000 германски марки доведен е во позиција да мора да има договор со одредено угостителско претпријатие, па дури тогаш да му се преведат тие средства на тоа угостителско претпријатие каде се изведува таа работа односно свадба. Јас лично предлагам тука плаќањето да биде во готово за да нема узурпација. Практично има ситуација одредени угостителски претпријатија да ги уценуваат лицата, дури се смета дека 10% од вкупните средства ќе добие оној што треба да потпише договор. На некој начин јас со овој закон го заштитувам овој граѓанин.

Третата интервенција е во однос на студентите, за партиципацијата. Сите оние студенти кои практично не го положиле квалификациониот испит во висината на потребните поени треба да партиципираат на факултетите. Тој дел јас го допрецизирам во законот и смета дека партиципацијата треба да изнесува во висина на она што се предвидува на одредена високошколска институција, без разлика на кој факултет, бидејќи сите факултети имаат различни. Медицинскиот факултет има една, Филозофскиот друга и тн. Јас сметам дека тоа треба да се предвиди до висината на таа партиципација.

Уште една интервенција правам, за свадбите наместо 1000 ДМ да изнесува 2000 ДМ.

XII/4.-

Јас го прочитав Мислењето на Владата и поразговаравме со поголем број пратеници. Судејќи на мојот колега Мирко Трупуновски и повеќе пратеници од СДСМ, ПДП, па и ЛДП ми сугерираа дека се работи за еден предлог на закон, кој е сега по итна постапка да предложам да оди во две фази, како предлог за донесување на закон со извесна можност да направиме интервенција во одредени мои предлози во самиот закон, така да откако тоа ќе се исчисти, финансиски анализи со Министерството за финансии да предложиме по потреба и предлог на закон.

Во таа смисла ги повикувам сите пратеници да го поддржат законот како предлог за донесување на овој закон. Мислам дека е време за одредена корекција, а нормално ќе имаме време да предложиме и соодветен предлог на закон откако ќе направиме соодветни анализи на вкупните потреби на финансиските средства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (25 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (17 пратеници)

Колку пратеници се присутни во салата.

(Надлежните служби ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

55 пратеници се присутни во салата.

Гласањето не е валидно.

Господинот Каров бара збор за деловничка интервенција.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, станав да интервенирам деловнички од причина што предлогот за донесување на закон ги наведува основните причини зошто тој треба да се носи и во основните причини е наведено дека се наметнува потреба од зголемување на висината утврдена за тековната година. Тоа веќе ја надминува, можеби подобро Законодавано-правната комисија можат да ги објаснат причините кој закон да го носиме во две фази. Од тие причини ќе се воздржам од гласањето за носење во две фази затоа што причините кои што се наведуваат зошто се предлага донесувањето на овој закон се различни од причините тој закон да се носи во две фази. Претпочитуван дека носењето на Законот во две фази претпоставува решенија кои ќе бидат различни од предлогот за донесување. Ако вие донесувате како предлагач на решението вака како што е во текстот на законот нема потреба од две фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да го повториме гласањето.

Кој е за, предложениот заклучок молам да крене рака? 26 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? 1 пратеник.

Дали некој се воздржува од гласање? 29 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точката 24 - Предлог за донесување на закон за жичари и ски лифтови.

XII/6.-

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Абдулменаф Беџети, министер за сообраќај и врски.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, накратко дозволете да ви ја образложам потребата за донесуваше на Законот за ски лифтовите и жичарите, кој што е еден од значајните закони и за кој што сметаме дека треба да биде донесен.

Уредувањето на изградбата, одржувањето и управувањето на жичарите и ски лифтовите, како и мерките за безбедност на жичарите и ски лифтовите се регулирани со Републичкиот закон за жичари и ски лифтови уште од 1989 година со измени и дополнувања во 1990 и 1993 година, како и подзаконските акти, правилниците кои ја дефинираат оваа област уште од 1985 и 1986 година.

Досегашните искуства од примената на овој закон укажуваат на определени недостатоци кои ги поседуваат овие закони, што во спроведувањето на одредени негови одредби предизвикува соодветни по- тешкотии. Поради тоа неопходно е одделни прашања да се уредат во со- гласност со времето во кое живееме. За таа цел потребно е одделни од постојните решенија да се изменат односно да бидат дополнети за да се создадат нормативно правни основи за целосно регулирање на оваа област.

Новерлирањето на прописите од оваа област треба да се разгледува и од гледна точка на севкупните општествени промени во државата. Имено досегашната регулатива од оваа област беше заснована на принципот на општествената сопственост. Врз основа на ова потребно е за измена на оваа регулатива, уште повеќе и заради економските принципи. Имено развојот на туризмот пред се се спортскиот, бараат развој на ридско планинската инфраструктура кое што овој закон го овозможува. Поаѓајќи од севкупните планови во државата како и низата недоречености и недоследности на одредбите од постојниот закон се наметнува потребата од изменување и дополнување на Законот односно ние се определивме во Владата да одиме со нов закон.

Законот се заснова на две основни начела и тоа:

- Уредување на условите и начинот на изградбата, одржувањето и управувањето на жичарите и ски лифтовите;

- Уредувањето на начините и условите на организирање, превоз со жичарите и ски лифтовите.

Содржината на законот се состои од следните поглавја: Таа ги регулира изградбата,одржувањето, заштитата, како и начинот на организирање на превозот на лицата на жичарите и ски лифтовите, истовремено и надзорот.

Сметам дека во оваа расправа пратениците ќе дадат посебен придонес со што ќе помогнат во наредната фаза да го дополниме законот и со други решенија во правец на ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Соколовски.

XII/8.-

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, би сакал само накратко да придонесам во оваа расправа бидејќи е прва фаза. Сметам дека одредени сугестии што ги имам во однос на предложениот текст би користеле како предлог за дополнување во втората фаза на Законот.

Бидејќи се работи за мал закон, а кој битно влијае во однос две насоки, како што ги спомна министерот, изградбата одржувањето и управувањето со жичарите и ски лифтовите, уредувањето на начинот за организираниот превоз на жичарите и ски лифтовите.

Во Републиката постојат 7 жичари и 26 ски лифтови и знае- ме зимно време која фреквенција и кој број на луѓе се транспортираат со овие средства, знаеме во која состојба се наоѓаат одредени жичари и ски лифтови и знаеме сешто се случуваше минатата година, така да практично сметам дека со овој текст и со овој закон на некој начин ќе се воведе ред во една ситуација која досега беше присутна и од аспект на транспортот и фреквенцијата на корисниците на овие средства, а од друга страна и од аспект на безбедноста при транспортот односно усовршување на средствата кои постојат.

Како што реков, поради промена на одредени и технолошки иновации и од аспект на сопственоста на овие средства морам да потсетам дека од вкупно 7 жичари и 26 ски лифтови имаме две приватни жичари, тоа се во Отешево и Крушево, имаме една во фаза на приватизација во Маврово, имаме три жичари кои се дел како сопственост на јавни претпријатија, потоа имаме три жичари кои се сопственост,делови на детски одморалишта. Значи се работи за една широка лепеза на сопственост која од една страна дава до знаење дека ако не постои ваква регулатива

може од аспект на техничките и економските можности на сопствениците или идните сопственици да предизвикуваат одредени проблеми од аспект на безбедноста и користењето на овие средства. Би поминал директно на забелешките кои би ги спомнал во првата фаза.

Сметам дека во членот 3, во првиот став точка 2 вели дек со жичарата и ски лифтот може да управува правно лице регистрирано за вршење на таа дејност, а кое ги исполнува следните услови. Во точката 2 наведува да има организирана служба со потребен број вработени стручни лица од соодветна струка за вршење на дејност. Јас мислам дека тука треба да се воведе соодветно образование и струка од аспект што веќе постои во градежно-машинскиот центар во Скопје, насока за образование на монтери односно управувачи со жичари и ски лифтови. Значи треба да се користи тој кадар кој веќе на некој начин оваа институција ја продуцира.

Во членот 7 каде што се работи за техничкиот преглед односно за составот во ставот 3 е кажано децидно дека во работата на Комисијата задолжително учествува претставник на Министерството за сообраќај и врски.

/ЗЈ

XIII /1. - СП/МЈ

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сметам дека треба да постои став 4 каде ќе се надополни дека задолжителна работа на Комисијата треба да учествува претставник од Електромашинскиот факултет од Скопје, односно тоа е таа насока каде се опфатени и овие технички средства. Тоа е од аспект за поквалитетна работа или технички прием на Комисијата која врши технички прием.

Во членот 13 каде се зборува за прегледите на овие средства на жичарите и ски лифтовите тоа се дневните, неделните, месечните, полугодишни, годишни, двогодишни прегледи треба да постои посебен член, можеби 14, во овој случај, или во составот на овој член да се додаде, јас би го предложил текстот директно "со жичарата и ски лифтот задолжително ракува лице со завршено сред- но стручно образование, III степен ракувач монтер на жичари и лифтови во соодветно државно училиште". Затекнатите вработени треба да се здобијат со соодветна стручна квалификација согласно членот 14 или ако остане како посебен став по членот 13. На овој начин се овозможува ракувачите со жичарите и ски лифтовите да бидат навистина стручно оспособени и квалификувани лица кои веќе ги имаме во Градежно машинскиот центар во Скопје, односно тој центар веќе одамна произведува ваков тип на стручни кадри.

Исто така во членот 15 може да се додаде прв став "правното лице кое управува со жичарата или ски лифтовите се задолжува да организира образовна форма за заштита при работа на сите вра- ботени". Овде посебно се работи од аспект на инциденти кои можат да настанат при користењето на жичарите и ски лифтовите, начинот на тие вработени како и на кој начин би реагирале во такви ситуации. Имаме многу ситуации каде таквите вработени на несоодветен начин и нестручно би реагирале во одредени инцидентни случаеви,

така што на овој начин една доквалификација сметам дека ќе добие- ме поквалификувани и поспособни лица, односно вработени кои ќе ракуваат со овие средства.

Исто така во членот 18 по мене треба да се додаде еден збор, јас би го прочитал "правното лице кое управува со жичарата и ски лифтот е должно да ги преземе сите потребни", треба да се каже "заштитни мерки и работи во поглед на одржувањето, организацијата на превозот и обезбедувањето на потребните услови за безбедност на сите лица кои се наоѓаат на жичарата и ски лифтот, ко и за лицата кои се наоѓаат во заштитниот појас".

Во однос на членот 2 6 кажано е во ставот 2 која квалификација треба да ја има инспекторот. Овде се спомнати три квалификации висока стручна подготовка, дипломиран електроинженер, дипломиран машински инженер или дипломиран градежен инженер. Сметам де- ка првите две барања електроинженер и машински се сосема доволни и не сум баш убеден, нека ме извинат колегите градежни инженери дека баш на ова место треба да има кандидат за инспектор за оваа проблематика.

Ете, тоа би биле накратко тие забелешки, јас се надевам дека ќе најдат место во втората фаза.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за жичари и ски лифтови.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за сообраќај и врски.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (54 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржан? (нема).

Колку пратеници се присутни во салата, ве молам.

Уште еднаш Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали има некој против ? ;(Нема) .

Дали има воздржан? (нема).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 25-та точка - Предлог на декларација за еднаквост меѓу половите.

Предлогот на новиот текст на декларацијата ви е доставен, односно поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Трајановска, предлагач на декларацијата.

XIII /4. –

**НИКОЛИНА ТРАЈАНВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Големите политички промени кои се случија во последните години во Европа доведоа до длабока трансформација во општеството и до проширување на Советот на Европа. Како членка на Советот на Европа се наоѓаме на претпоследното 3 9-то место по бројот на жените во Парламентот со само 3,3%, зад нас е само Турција со 2,3 6%. Приматот им припаѓа на Шведска со 40,40%, следуваат Норвешка со 36,36%, Данска и Финска со 33%, Холандија со 32,67%, Унгарија има 11,14%, Бугарија 10,83%, Хрватска 7,87%, Словенија 7,78%, Албанија 6,45%,, Грција 6,33%.

Факт е дека пречките за достигнуваше на ефикасната рамноправност помеѓу жените и мажите главно се од економска природа, која може да се види од феминизација на невработеноста и покрај високото ниво на образование и обука на жените и од некои специфични проблеми на жените во рурален контекст.

На преодниот период низ кој минуваме својствена му е и една дополнителна непокриена празнина што е последица на исчезнувањето на старите структури втемелени врз формалната рамноправност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте да ги игнорирате жените толку, мислам проблемот, се извинувам госпоѓа Трајановска, продолжете.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Во еднопартискиот систем промоцијата на жените во полити- ката воопшто како и на мажите не зависеше од нивните способности, но критериумите изборот го правеа само мажите.

XIII /5. –

Од 1946 година до 1991 година состојбата со женските ликови во владите и во извршните совети е следна:

Од вкупно 18 формирани влади и извршни совети во нив ка- ко членови продефилирале вкупно 11 жени. Политиката на еднаквоста, односно рамноправноста претставува производ на политичките приоритети на политичката волја на конкретната власт. Ова значи дека не постои некоја единствена национална машинерија што би била соодветна во сите околности. Меѓутоа, постојат некои заеднички елементи за создавање на применлива и корисна политика. Потребно е воспоставување на политичка култура што е приемчива за идејата за рамноправноста и развој на политиката што го прави возможно поставувањето на дневен ред и разредувањето на широкиот спектар на сложените причини за нееднаквоста помеѓу жените и мажите. Секако најтешкиот дел при поставувањето на машинеријата е прашањето за рамноправноста на жените да се стави на дневен ред во политичкиот живот на земјата.

Машинеријата за рамноправноста треба да се развива преку цела низа чекори што често пати се преклопуваат или произведуваат меѓусебни дејствија, но постепено се претвораат во циклус на политички развој. Се работи за увид, реализација, вреднување и анализа.

Фазата на увидот бара да се спроведат истражувања и да се соберат статистички податоци кои ја прикажуваат природата и обемот на женската нерамноправност во општествениот живот.

Фазата на реализација бара воспоставување на активна машинерија што е способна да дејствува на соодветните нивоа на системот.

XIII /6. –

Фазата на оценување бара да се изготват извештаи за резултатите што биел постигнати во претходните фази, а фазата на анализа односно ревизија претставува вклучување на машинеријата во изготвување на стратегија за борба против нееднаквоста. Сите овие фази бараат ресурси.

Оваа стратегија треба да го третира целиот можен спектар на ситуации, меѓу другото, таа треба да ги опфати прашањата на работното место, образованието, семејството, политичкото учество, мајчинските права, здравјето, насилството и тн. Би претставувало голема политичка грешка и страшна загуба ако речиси половината од населението на земјата не учествува во политичкиот живот. Би било опасно кога не би се дозволило покрај машкиот да се чуе и женскиот глас за такви нешта какви што се војната и мирот, животот и должната почит кон него, бидејќи во сите тие работи жените можат да внесат свеж сензибилните.

Нивното исклучување може да претставува причина за социјална нестабилност за загрозување на демократската безбедност. Сите оние што донесуваат политички релевантни одлуки мора да сфатат дека не може да постои извор на плуралистичка демократија се до оној момент додека жените и мажите немаат подеднаква политичка одговорност и рамноправна застапеност во постапките во кои се одлучува. Тоа е она што во Советот на Европа се нарекува демократија врз паритетни основи, концепција што се темели врз сфаќањето дека човештвото го сочинуваат човечки суштества од два пола жени и мажи и дека е суштествено тие подеднакво да го дадат својот придонес кон демократијата.

Деполитизацијата е многу поприсутна меѓу жените, тоа е факт, а некои од нив политиката ја гледаат како некој вид валкана игра за маж. Без оглед на постоењето на одреден степен на деполи-

тизација на жените денес многу голем број жени се подготвени да прифатат политички обврски и нивниот број е многу поголем од бројот на кандидатите жени што социјално се регистрирани на локалниот и парламентарните избори.

Ова секако ја демонстрира потребата за здружен притисок на женското лоби во рамките на самите политички партии и до страна на невладините организации и генерално.

Секако овде е неодминлив податокот и значењето и улогата на Форумот на жените во рамките на Либерално-демократската партија Мора да се води сметка за универзалниот факт дека човечките суштества се од женски и машки пол со еднакви права и дигнитет и дека никој не претставува модел за другиот. Двата пола се човечки суштества чии права, интереси и потреби можат да се земат предвид кога се утврдуваат, толкуваат и спроведуваат правните начела и нор ми. Со други зборови човековите права што досега се толкуваа како права на мажот мора да се толкуваат од аспект на дуалитетот на човештвото како права на лицето, односно поединецот.

И покрај тоа што законодавството претставува неопходен предуслов за достигнување на еднакви можности, самото законодавство не е доволно. Тоа мора да биде само еден дел од бројните тековни иницијативи за унапредување на еднаквоста. Другите иницијативи мора да одговараат на предизвикот за промената на менталитетот, ставовите и личното однесување и да ги создаваат неопходните социјални структури што можат да одговорат на изменетите улоги и обврски на жената и мажот.

Во овој контекст неодминлива е важноста на семејството, образовниот систем преку унапредување на полот, неутрални програми и образование за еднаквоста како основено човеково право како и улогата и одговорноста на медиумите.

XIII/8.-

На достигнувањата на еднаквоста не смее да му се пристапува како на некоја политичка борба меѓу половите, туку во духот на солидарноста помеѓу жените и мажите. И жените и мажите мора да сфатат дека еднаквоста претставува грижа на целото општество. Мажите мора целосно да бидат вклучени во оваа расправа и мора да сфатат дека не може да постои вистинска демократија и развиено општество без целосно учество на жените и без постоење на реално партнерство меѓу двата пола, како во јавната сфера така и во приватниот живот.

Времето во кое живееме е време на големи промени и насоката во која се движат тие промени можеме да ја дадеме и ние жените и не треба да ја испуштиме можноста и да оставиме одлуките да се носат на некои други места и во некое друго време.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Предлогот на декларацијата за еднаквост на половите сметам дека е една благородна иницијатива во Соб- рането на Република Македонија иако согласно Деловникот декларацијата е еден од најниските степени на одлуки кои ги носи Собранието. Од досегашната пракса јасно преточување на нашите декларации во негативна смисла во она што Собранието единствено може да го направи во законите, сепак сметам дека не е лошо Собранието да поведе расправа за оваа декларација и да заземе соодветна согласност со своите политички убедувања на секој пратеник став по предлогот на госпоѓата Трајановска.

XIII /9. –

Би сакал да укажам, во оваа дискусија, на два факти.

Прво, Собранието на Република Македонија во досегашниот тек во повеќе свои закони и особено со законите за ратификација на меѓународните акти на она ниво кое се смета дека е нормативно достигнато во Европа ги вгради во својот правен систем механизми- те за регулирање на еднаквоста помеѓу половите или попластично речено со оглед на она што не мачи е рамноправноста на жената во однос на мажот во општеството, за жал, ги вградуваше тие елементи и нормативни видувања онака како што ги гледа и целиот европски континент, ниту повеќе ниту помалку од другите. Се разбира дека проблемот на резултатите од спроведувањето на овие акти е различен во Македонија во однос на другите држави од бројни причини и ние треба да се потрудиме да се надмине.

Ценејќи ја декларацијата за еднаквост меѓу половите која е понудена во вид на Предлог на декларација ќе изнесам едно свое видување. Имам предвид дека е Предлог и дека така можеме да расправаме по таа декларација, односно конкретно затоа што она што не очекува набрзо по расправата е гласањето на документ на Собранието. Имено, веднаш да кажам дека поддржувајќи ја декларацијата сметам дека е потребно декларацијата да се симне за еден степен во фазата пониско и би го замолил предлагачот на декларацијата да размисли дали не е добро Собранието да ја усвои како Нацрт на декларација од две причини.

**НИКОЈТА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Прво, за да може текстот да се доочисти, дооформи и да се исфрлат од него оние делови од текстот кои вршат на непотребен начин притисок врз Собранието по одредени политички или други прашања за кои мислам дека во Декларацијата не е место, и

Второ, на еден потемелен начин да се вргадат одделни забелешки што се дадени и евентуално ќе произлезат од расправата. Како еден од примерите ги земам амандманите на г-дин Трипуновски што мисла ако се земат како амандмани имаат подобар начин на комуникација кон ова прашање отколку што е начинот на пишување во Декларацијата.

Сметам дека декларацијата треба да се исчисти од преобемната преамбула каде се повторуваат во вториот и третиот став истите работи, во првиот и четвртиот истите работи. Милкам дека е сосема непотребно толку голем текст да усвојува Собранието.

Она што е побитно, мислам дека треба да се вложат напори да се избришат одредени непрецизности што можат да го доведат Собранието во непријатна ситуација, доколку ја усвои вака предложената Предлог-декларација. Со тоа ќе укаже на одредени недоследности што мислам дека не се наполно точни. Дека жените се исфрлени од процесот на одлучувањето. Напротив, демократското право на глас е највисокото политичко одлучување во Државата. Тоа е загарантирано со Уставот кај нас и не можеме да говориме дека не се соодветно застапени во процесот на политичко одлучување. Највисокото политичко одлучување е процес на демократските избори во општеството и тука, нормално, ни предлагачот не спори дека некому е тоа право скратено.

Меѓутоа, нивото на учеството е веќе ниво што треба да се задржи во политичкиот живот. Тоа се непрецизности што можат да не одвлечат од основната намера.

Потоа сметам дека точката 5, како што е напишана, укажува, со нејзино гласање укажува на тоа дека ние дефакто ќе признаеме дека во нашиот нормативен систем, пред се уставен и другите закони што го регулираат овие односи имаме вградена нееднаквост меѓу мажите и жените. Вградена нормативна нееднаквост. Мислам дека тоа не кореспондира доволно со вистината и мислам дека уште еднаш треба да се проучи точката 5 повеќе дали треба да остане така или Собранието да ја усвои за свој акт вградената нееднаквост што, по мое убедување не постои во нормативниот дел,

Во следниот став од таа иста точка 5 мислам дека треба да го преиспита уште еднаш предлагачот, да видиме и другите пратеници и пратенички групи што мислат, дали е сходно Собранието со своја декларација да упатува пораки до политичките партии да утврдуваат квоти, па дури и процендуарлно изразени во Декларацијата на своите кандидатски листи. Тоа е сепак едно демократско право што ние го почитуваме и треба да го поддржуваме, меѓутоа дали можеме со Декларација да се обраќаме до политичките партии што имаат свои програми, свои видувања.

Јас би го преоценил уште еднаш. Мислам дека духот на желбата е добар, дали во актите на Собранието тоа да се гласа, мислам дека треба уште еднаш да прележи.

Точката 6, мислам дека со Декларацијата за еднаквоста меѓу половите се врши еден притисок врз Собранието, доколку самиот Собраниски дом го усвои овој акт, се врши притисок кон веќе наредната

расправа за изборниот закон. Мислам дека не е добра политички притисок врз Собранието по повод изборниот закон, моделот и во врска со тоа застапеноста на жените да започне со оваа Декларација и да изврши конечен притисок врз изборниот модел однапред, затоа што тоа ни е на наредната седница, колку што знам, и прва точка, од она што е закажано. Сметам дека треба и тоа да се преоцени и да не бидеме толку директни во нашата Декларација кон политичките партии и кон соодветната нивна политика во процесот, единствено зборуваме тука во кандидирањето на жените.

Инаку, јас повеќе мислам дека оваа Декларација треба, наместо со директно укажување, повеќе да ги афирмира или таму каде што веќе нормативно сме ги зацртале ги реафирмира основните насоки што Собранието ќе ги брани. Во смисла на промовирање на правна и фактичка еднаквост меѓу мажот и жената или меѓу половите, што е сосема еднакво, мерки за заштита од директна и индиректна дискриминација заснована на полот, значи мислам дека е тоа една битна одредба. Не се определив за амандманкски пристап, затоа што мислам дека ќе биде подобро целата Декларација во две фази да ја донесеме и оваа одредба да се вгради за директна и индиректна дискриминација заснована на полот. Знаете дека на оваа седница, во точката 3 донесовме една дискриминаторска мерка кон жените. И, немаше глас против, се работи за Законот за рабо1: ни односи, по повод точката 1, каде што неприродно стимулираме неприродни, небиолошки процеси, визави, финансиската стимулација за одредување на тие процеси. Знаете на што мислам по тој член од Законот, со породилното боледување.

Мислам дека Декларацијата треба да оди во насока кон упатување на олеснување на споивоста помеѓу работниот и семејниот живот на

што е поспецифичен од семејниот и работниот живот на мажот. Ние треба нормативно да го вградуваме постапно, со стимулација за полесна споивост, флуентност, споивост меѓу тие два битни дела на животот на секоја жена, затоа што жената е повеќе поврзана со тој процес. Како таа споивост да се одвива, визави тоа и на наредната седница имаме еден закон за заштита на децата и предучилишно воспитување, што мислам од овој аспект ќе можеме да го протресеме. Да оперира со изрази во смисла на забрана на дискриминација во огласувањето на слободните работни места, на пример, и правото на компензација, доколку со тоа се врши дискриминација по полова основа.

Декларацијата да зацрта обврска за властите, во кои спаѓа и Собранието, да ги промени околностите што го спречува постигнувањето на еднаквоста помеѓу половите, околностите кои тоа го спречуваат итн. итн.

Во таа насока, затоа кажав на почетокот, мислам дека амандмантие што ги има доставено во вид на амандмани пратеникот Мирко Трипуновски. Јас се надевам дека ако се смени малку духот на Декларацијата и на одредбите во неа, ако се исфрлат дневно-политичките обиди Собранието да произведе директно некои законски решенија, а расправајќи по повод Декорацијата, што би било несходно, посоодветно би било погенерално да укажеме, а по секој закон поединечно да ги наоѓаме тие решенија, мислам дека ќе добиеме подобра Декларација и ќе биде поупотреблива. Инаку, вака ќе биде подиректна, но на вистина понеупотреблива за сите нас, кога ќе се објави во Службен весник.

Затоа би замолил, ако е можно и ако е во духот на добивање на подбора Декларација, 30-40 денови не е проблем уште еднаш да ја гледаме оваа Декларација, предлагачот да ги разгледа забелешките и доставените амандмани и ги конструира во нов текст.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Дозволете со неколку збора да се осврнам на Декларацијата од почитуваната колешка Трајановска од ЛДП.

Јас би го фокусирал своето внимание во три насоки: кон содржината, кон времето на појавување и кон самото авторство.

Најпрво, кон содржината.

Имавме можност да видиме две презентации на една Декларација Ќе продискутирам само за втората, затоа што првата, претпоставувам како неуспешна верзија беше понудена и потоа набрзина повлечена. Самиот наслов е доста бомбастичен и претпоставувам една целовита презентација на проблематиката на која се однесува.

За жал, далеку од амбициите. Декларацијата се бави само со местото на жената во политичкиот живот. Тоа би било во ред ако тоа стоеше и во насловот. Вака, насловена Декларација подразбира поцеловита презентација на улогата на жената и во сите други пори на живеењето.

Во однос на политичкиот аспект, Декларацијата прејудицира а ние како пратеници треба да прифатиме дека пропорционалниот избор< модел дава најмногу шанси за презентација на жената во политиката.

Некако случајно ова се поклопува со заложбата на ЛДП за пропорционален изборен модел. Во Деклрацијата им се советува на политичките партии како да ги распоредат своите кандидати на изборните листи.

XIV/6.-

Значи, ние како пратеници во Собранието треба да го поучиме! политичките партии, прво за тоа кој е најдобар изборен модел за жената а потоа и како да ги распоредат своите кандидати. Дозволете, но мислам дека лончињата се измешани.

Дали Собранието ги бира пратениците на листите на партиите или пак партиите, преку предлагањето на кандидатите го формираат потенцијалниот состав на Собранието според тоа колку пратеници од женскиот пол ќе има во Собранието зависи од самите политички партии. Впрочем никој не и попречи на тогашната Либерална партија да кандидира многу повеќе жени на изборите во 19994 година. Не знам дали сегашните заложби во Декларацијата ќе значат промена во програмските определби на ЛДП или пак политички маркетинг. Претстојните избори ќе го покажат тоа.

Околу времето на појавувањето на Декларацијата. Прашувам, зошто оваа Декларација не е понудена на почетокот на мандатот на овој состав на Собранието? Што толку драстично ја промени положбата на жената во општеството од тогаш наваму? Дали е тоа факт дека сме на шест месеци пред избори, а пола од гласачкиот корпус го сочинува женскиот пол? Дали тоа не значи дека наскоро нема да се појави Декларација за недоволна застапеност, а оттука и политичка нерамноправност на пензионерите и младите, што е неспорен факт? Дали на тој начин со Декларација ќе го разрешуваме овој проблем или пак со вистински факти? И така, се до избори, а потоа ќе видиме.

За нечија несреќа, овој народ долго памти. Јас навистина ќе верувам во искрените намери на предлагачот кога на изборната листа на партијата што ја претставува ќе видам 20 до 50% претставнички од женскиот пол.

XIV/7.-

И, да заклучам.

Местото на жената во политиката не се утврдува со деклараље и со јавно парадерство. Од тоа нема да произлезе решението за проблемот.

Местото на жената е во политичките партии каде тие ќе се најдат согласно акцептираето на Програмата на одредена партија, нивно учество во политичката борба и завземање на позиции во политичкиот и институционалниот систем. Низ нивно докажување во рамноправна борба во мажите.

Секако оваа борба вклучува и совладување на одредени предлог суди и табула вкоренети во нашето друштво.

Од сите овие причини го поддржувам предлогот на г-динот Поповски ова да биде прва фаза на Декларацијата каде во втората фаза ќе учествуваат сите политички партии застапени во Парламентот што потоа, со едно акламативно изјаснување би се усвоила таа Декларација секако со отстранување на одредени слабости на кои што беше укажано досега.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Има збор г-дин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Долго време размислував како да биде моето учество во, за мене, овој значаен документ што треба да го донесе Собранието.

Јас, во принцип, Декларацијата за еднаквост меѓу половите на пратеничката Трајановска го поддржувам. Таму каде не се согласува предложив конкретни амандмани и конкретни промени.

Благодарам на поддршката на Поповски во начинот и приодот на моите препораки и причини како треба работите и редот на нештата да одат.

Сепак, морам едно да речам, ние, во обласат за која денес треба да се декларираме, т.е. да донесеме Декларација најмногу сме направиле во однос на многу земји во Европа. Во многу земји на Европа постојат комитети за еднакви права на мажите и жените. Во Советот на Европа се формира комитет во кој за еднаквите права на мажите и жените ќе расправаат сите земји - учеснички на Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

Затоа сметам дека овој обид низ оваа Декларација како почетна фаза да биде една од причините за едно посериозно вклопување во однос на донесување на конкретните закони т.е. на конкретниот пристап за решавање на еднаквоста на половите.

Затоа, од тие причини, во моето размислување, прифаќајќи дел на точките што ги има 7 во Декларацијата, бидејќи преамбулата на Декларацијата сметам дека не би требало да оди, туку само точките како елемент што ќе биде еден начин за нов пристап во приодот за решавање на еднаквоста на половите.

Затоа, во точката 2 каде предлогот на г-ѓата Трајановска укажува на одредени елементи, сметам дека обезбедувањето на еднаквите можности за мажите и жените е од специфична важност како предуслов за развој на демократијата и укажување за соодветна застапеност на жената и мажот во донесување на политички одлуки, бидејќи ние денес говориме за политичка одлука. Не зборуваме за одлука што некому ќе наметне правен основ или мора така да оди.

Сигурно во донесувањето на тие политички одлуки ќе се обезбеди подобро функционирање на демократското општество. Тоа го има во амандманот, го парафразирав. Сметам, со промената на точката 2 веќе Декларацијата добива во одредена содржина.

Со одредена корекција во точката 4, сметам дека се не доволни активностите за промоција на еднаквоста на можностите за мажите и жените и поголема застапеност на жените во органите за законодавната, извршната и во органите на локалната самоуправа.

Со тоа се добива во значење дека препораката на Собранието, Декларацијата не е принуда што треба политичките партии во наредниот мандат да ја отварат или не ја остварат. Но, препораката е тоа дека ги има малку.

Следното размислување е на точката 6 каде додавам точка 6-а или нова алинеја, како предлагачот би прифатил. Сметам дека во законодавниот процес треба посебно внимание да се посвети на обезбедување на правни претпоставки за еднакви можности, не декларативни и да ги разгледува прашањата што имаат влијание врз нивна реализација

Последното мое дополнување е со две потточки или две 7-а на точката 7. Тоа е спроведување на документите и заложбите на меѓународните организации чија членка е и РМ во поглед на обезбедување на еднаквоста меѓу мажите и жените и зголемување на учеството на жените во процесот на политичкото одлучување:

Тоа беа тие елементи што ме наведоа да дадам конкретно дообликување и би препорачал со овие мои, нешто јас ги предлагам, Парламентот да ја усвои Декларацијата како почетен стадиум од кој ќе се

градат нови мерки и можности во понатамошно усовршување и политичко промовирање на жената во системот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Јас, во принцип се согласувам со духот на предлогот на Декларацијата за еднаквост на половите, иако малку насловот е претенциозен затоа што содржината на текстот, како што и некои од претходниците истакнаа, се однесува повеќе на паритетот на политичкото учество на жената во власта.

Според Уставот, знаете сите сме ние граѓани и Уставот не прави никаква дискриминација во однос на жената и мажот. Значи, сите сме пред се граѓани.

Секако, жените не се нити некоја посебна политичка партија, посебна религија, тие се едноставно како и мажот рамноправен граѓанин на ова општество. Дури кога пред извесно време беше водена расправа во рамките на една од нашите неколку женски движења., природата на прашањето дали на жените да им се предложи квоти од страна на политишките партии за тие да се најдат на листите на кандидати на полити-Ките партии, беше примено со различни емоции. За некого, тоа можеби е фрустрирачко, меѓутоа, за некого исто така една неопходност, затоа што сепак сметам дека живееме во едно малоградско општество каде жената сеуште не си го нашла своето место.

XIV/11.-

Она што ме збунува денеска е фактот што предлогот доаѓа од страна на г-ѓа Трајаноска, член на ЛДП, меѓутоа како што гледам во салата има само тројца од нејзината партија кои би застанале зад овој предлог. И, навистина, зачудувачки, кога се работи за еден мошне сериозен предлог. Тоа е првата дилема.

Втората дилема е што таквиот вид на Декларација би било, прифаќањето на таквиот вид Декларација би било прашање на политичката деонтологија на сите политички субјекти во државата, што ќе рече и на субретите што не се присутни во овој Парламент. Ние не можеме да ја заобиколиме најголемата опозициона партија и да ја прифатиме Декларацијата, а тие да се чувствуваат неодговорно, на пример, да немаа никакви обврски кон оваа Декларација.

Според тоа, се согласувам со овој предлог да се оди во две фази.

XV/1.- ПЈ-ВБ

**НАНО РУЖИН:** (продолжение)

Па, што во меѓуфазата да се испрати овој предлог и до останатите политички субјекти, кои што ќе се најдат на следните избори, затоа што и тие, доколку се спремни на овој, да го наречам, џентлменски договор да пристапат кон респектот на ова што е напишано во оваа Декларација. Инаку, уште нешто би кажал дека, сега да навлезам малку во доменот на идеологијата, прашањето на учеството на жената е, пред се, иманентно на социјалдемократската опција. Социјалдемократијата го анимираше ова прашање и денеска го анимира, земете ги примерите во западноевропските држави, жената е присутна во, пред се, рамките на оној деолошко-политички вредносен систем кој што се наоѓа во доменот на левицата, социјалистите и социјалдемократите.

Според тоа, јас сметам дека во голем број од социјалдемократскиот сојуз на Македонија го поддржуваат духот, иако си земам за право и не сум се консултирал, сепак, согласно нашата идеологија го поддржуваат духот на оваа декларација, која веројатно предлагам или да има поинаков наслов или пак да се прошири согласно овој наслов кој што постои. Ако веќе одиме на Предлог-декларација за еднаквост меѓу половите, тоа треба да се прошири на сите свери. Или пак, да го иземниме, на пример, насловот Декларација за паритетно учество на жената во политиката. На крај мислам дека сепак со декларации не се решава овој проблем. Мислам дека жената, исто така треба самата од своја страна, пред се женските движења да покажат уште поголема активност за уште поголемо актуализирање на ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Абди Фаик.

XV/2.-

Дами и господа пратеници, многу ми е жал што не бев бага во тој момент внатре да слушам, меѓутоа, јас знам за што се работи. Оваа материја во вид на декларација ме враќа многу назад, ме враќа во едно време, да речам, кога Сирамаво Бандаранаиќе е избрана за претседател на една држава Цејлон, па да ја земеме Индира Ганди, потоа г-ѓата Катрин Ларумер, генерален секретар на Европскиот совет, па Савка Дапчевиќ Кучар итн. Па, ете и ние во Владата имаме министерки итн. Замислете ние овде еднаш донесовме декларација за заштита на децата од политиката. Затоа, секој кој што наполнил 18 години граѓанин има право да членува во политичка партија. Па, дури имаме и подмладоци кои што се младинци. По квалитет имаме тоа се наши членки од понежниот пол, тогаш зошто да не. Тоа го одредува местото да речам на дамите во овој Парламент и во други совети, а не дека тоа што е жена. Замислете умре времето кога овде во Македонија односно и во други држави мислам на источноевропските, извршните тела на општествено-политичките организации ќе заседававме, тука е Централниот комитет на партијата, на СКМ итн., па борците, синдикатот, Социјалистички сојуз, има огранок жените таму беа, младината и што уште незнам кои, од вкупно 120 овде пратеници, 15 ќе бидат жени и мора еднаш жена да биде потпретседател. Тоа мораше да биде така. Тоа време помина и јас сметам дека на погрешна врата куцаме, заради тоа што ние немаме закони со што ги депласираме, ги депласираме и ги узурпираме правата на жените. Тоа би било срамота за Република Македонија односно за овој свет за ова време, според мене, според моето скромно познавање на политиката, ние да донесеме специјална декларација за учеството на жените во политиката и за- ради да кажеме со малиот прст да помогнеме да има повеќе жени итн.

Мислам дека тоа е неодржливо и во прв ред е во прашање квалитетот па се понатаму. Нека политичките партии како релевантни субјекти предложат до своите средини дами односно госпоѓици, а народот ќе гласа и граѓаните ќе гласаат, само тие ќе гласаат. Како што е мој купувач, мој господар, така е и мој бирач, мој господар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Соколовски има збор.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги морам да кажам дека една ваква декларација е навистина за поздравување како иницијатива за донесување во ова Собрание, не заради тоа што колешката Трајановска е колешка од мојата партија од ЛДП, туку заради тоа што една ваква иницијатива заслужува внимание за сите жени кои членуваат во политички партии, во граѓански асоцијации. За сите жени во нашата држава кои сметаат и мислат дека можат да се вклучат организирано во процесот на живеење во оваа држава.

Морам да потсетам дека и покрај тоа што постојат нормативни акти, како што спомнаа колегите, каде што се гарантира од аспект на вработувањето, од аспект на заземање на јавните функции, од аспект на учеството во политичкиот живот итн., сметам дека тоа сепак не е доволно, бидејќи ваквите иницијативи веќе постојат во Европа, па и во светот, ваквите инцијативи се одржуваат на сите меѓународни конференции кои се одржуваат во светот. Јас овде би кажал како член како делегат на Интерпарламентарната унија кога се состанува редовно двапати годишно постои посебен ден на кој што жените парламентарки од целиот свет расправаат за своите проблеми значи за тие проблеми кои ги имаат во своите држави од аспект на својот статус како парламентарки во земјите во кои работат.

Сметам дека ваквата инцијатива треба да најде поддршка и го прифаќам предлогот дека покрај сите овие забелешки треба да оди декларацијата во две фази од аспект на доградување на квалитетно доградување со сите овие забелешки што беа претходно кажани и мислам дека ова е еден акт на политичка волја сите партии во нашата држава, жените навистина да заземат поактивно учество во партискиот живот, во јавните функции, бидејќи тоа го заслужуваат.

Сметам дека примерот на Скандинавија каде што во Данска, Шведска, Финска, во парламентите на тие земји жените учествуваат од 40 до 60% во парламентот, тоа докажува дека кај нас треба да се поведе иницијатива со една ваква декларација, да и се даде навистина правото место на жената во нашиов систем, во нашево општество.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓа Митрева има збор.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, дека Парламентот навистина треба да размисли околу мотивацијата за донесување на една ваква декларација зборува фактот дека во оваа сала од 120 пратеници седат само 4 жени. Мислам дека тоа е еден факт кој што е неспорен и околу кој треба да размислуваме. Се разбира, јас се согласувам дека во презентираната декларација има слабости, пред се, да речеме насловот на декларацијата, всушност, не соодветствува со основната интенција која што ја содржи текстот, а тоа е потребата од поголемо вклучување на жените во политичкиот живот. Мислам дека ексклузивно треба да се фокусираме на тој дел од декларацијата.

Со оглед на фактот дека станува збор за една важна материја за една современа материја, материја која е предмет на разгледување на повеќемеѓународни асоцијации, мислам дека оваа декларација практично треба да биде одржана во својот ревидиран облик од сите пратенички групи во Собранието на РМ и како таква донесена на наресната седница на ова Собрание. Исто така, сакам да ви обрнам внимание дека би било полезно да се прочита актот што стигна од Сојузот на организациите на жените на Македонија каде што исто така има внесени некои искуства во врска со оваа проблематика и евентуално некои искуства да бидат позајмени. Една декларација е израз на политичка волја, на политички стимуланс. Не е обврзан акт, меѓутоа мислам дека ова Собрание при крајот на својот мандат , сепак треба да размислува за фактот дека тука има онолку жени, колку што има.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Госпоѓа Трајановска има збор.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА :**

Јас им  благодарам на моите колеги и колешки кои што излегоа на говорницата и го искажаа своето мислење по предлог на декларацијата. Ако внимателно го следевте моето уводно излагање, јас напоменам дека најтешкиот дел во воспоставување на машинеријата за која што ќе се бори за еднаквост меѓу половите е всушност прашањето за еднаквоста меѓу половите да се постави на дневен ред на Собранието. Всушност, тоа и денес се случи. Секако, ова треба да го поздравиме. Јас воедно го прифаќам и предлогот декларацијата односно предлогот на декларација да оди во две фази, да го доизградиме и се надевам дека тогаш ќе го донесеме едногласно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес .

Прво, да видиме дали имаме можност да одлучуваме.

51 пратеник се присутни, очигледно е дека не можеме да одлучуваме.

Тогаш предлагам да прекинеме со работа, бидејќи мораме.

Продолжуваме утре во 11 часот со довршување на оваа седница ни остана овој заклучок и неколку точки по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Во меѓувреме комисиите кои што не успеаја да си ја завршат работат за 90-тата седница, утре пред почетокот на седницата да си ја завршат работата , а по завршувањето на 89-тата седница, ќе продолжиме со 90-тата седница.

(Седницата прекина со работа во 18,40 часот).